ЧЛЕН НА МЕЃУНАРОДНАТА ХЕЛСИНШКА ФЕДЕРАЦИЈА
Консултативен статус при Обединетите нации и Советот на Европа

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2003

## ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Скопје,
15 јануари 2004

# СОДРЖИНА

I. РЕЗИМЕ ....4

1. Јавни настани и повреди на демократските принципи ....5

2. Повреди на економските и социјалните права на граѓаните ....11

3. ЧОВЕКОВИ ПРАВА ....15

3.1. Полицијата и човековите права ....15

3.2. Судството и човековите права ....21

4. Внатрешно раселени лица и бегалци ....26

5. Слободата на изразувањето и медиуми ....28

6. Меѓуетнички односи ....32

7. Правото на слобода на уверувањето и религиозната определба ....36

ЗАКЛУЧОК ....39

# I. РЕЗИМЕ

Извештајов не претендира да даде сеопфатна слика на целокупната ситуација со човековите права и слободи во Република Македонија. Анализите и оценките дадени во него се базираат на сознанијата со кои располага Комитетот врз основа на случаите кои биле пријавени во Комитетот, односно кои биле регистрирани од страна на мониторинг мрежата на Комитетот.

Основните обврски и цели кои ги дефинираше новата владејачка структура во предизборниот период и во моментот на изборите на крајот од 2002 година беа: подобрување на сигурносно-безбедносната и економската ситуација во државата, како и подобрување на животниот стандард на населението, глобална демократизација, почитување на правото и развој на правната држава, развој на интегративните наспроти дезинтегративните процеси во Република Македонија и постигнување на одредено ниво на генерално почитување и заштита на човековите права и слободи, кое ќе ја приближи државата до европските текови и ќе ѝ овозможи нејзино забрзано приклучување во европските структури.

И покрај големите очекувања на граѓаните и големите предизборни ветувања[1] дадени од страна на партиите што ја освоија власта, во 2003 година не дојде до битно поместување во сферата на промоцијата и заштитата на човековите права и слободи. Во некои сфери од животот може да се увиди дури и ретрограден тренд во однос на претходната 2002 година. Прекршувањата на човековите права и слободи ја опфаќаат целокупната општествена структура и достигаат толку големи размери што се поставува прашањето на глобалната демократска ориентација на актуелната власт.

1 Голем дел од ветувањата (дури и оние од помали размери) остануваат на нивото на празен предизборен маркетинг. Такво е на пример ветувањето што го даде премиерот на 29 Ноември 2002 година, дека приоритетна задача за новата власт ќе претставува разоткривањето на судбината на исчезнатите лица; или она пак што министерот за внатрешни работи го даде во врска со случајот „Раштански лозја“ (кога даде точни рокови во рамките на кои ќе го расветли случајот за кој постојат низа индикации дека беше извршена вонсудска егзекуција на 7 државјани на Пакистан од страна на припадници на истото министерство).

# 1. Јавни настани и повреди на демократските принципи

Политичката ситуација во Република Македонија во 2003 година се уште е детерминирана од спроведувањето на одредбите на Охридскиот рамковен договор. И новата Влада продолжи декларативно со трендот на „остварување на Охридскиот рамковен договор“ (13.08.2001), иако од правна гледна точка, единствено може да се зборува за законска имплементација на Уставните амандмани кои непосредно влегоа во сила по нивното изгласување (16.11.2001). Давањето образложение дека донесувањето на законите и законските промени се потреба во имплементацијата на Охридскиот договор, наместо тоа да се спроведува преку имплементација на Уставните амандмани, може да се смета како драстичен пример на дерогирање на принципот на владеење на правото.[2]

Сѐ уште, сите одлуки, структурни промени и сето делување во државата се резултат на непосредно партиско договарање, во затворени високи партиски кругови, со видливо заобиколување на легислативата и девалвирање на владеењето на правото. Ова посебно се однесува на кадровските промени што се направија во текот на целата 2003 година на сите нивоа на државната администрација. Заради доминантната примена на т.н. партиски критериум во персоналните промени кои се спроведуваат на сите нивоа на власта, многу често, населението не ги сфаќа промените дури ни како спроведување на одредбите на Охридскиот договор, туку како директна интервенција на политичките партии на власт во сите сегменти на општеството. Ова, од една страна, (а посебно во редовите на мнозинската заедница на Македонците) доведува до тоа што промените се перципираат како прекумерни, несоодветни и надвор од законот, а од друга пак (во редовите на етничките Албанци) тие се перципираат како недоволни, во смисла на искористување на сите расположливи човечки ресурси.

Под закрилата на „спроведувањето на Охридскиот рамковен договор“ кога се менува составот на администрацијата не се почитува Законот за државни службеници (се заобиколува Агенцијата за државна администрација, не се објавуваат огласи за државни службеници, не се применуваат утврдени критериуми и процедури околу тоа; се игнорира

2 Наспроти постојаното повикување на Охридскиот рамковен договор, многу индикативно за спроведувањето на Уставните амандмани е конституирањето на Комитет за односи меѓу заедниците на 18.09.2003 год., една година и десет месеци по прогласувањето на Амандманот XII на Уставот. Иако комитетот е надлежен да разгледува прашања од односите меѓу заедниците и да дава мислења и предлози за нивно решавање (Собранието е должно да донесе одлука во врска со нив), истиот не се произнесе во однос на неколкуте случаи на нарушени меѓуетнички односи во текот на есента 2003 год. (случајот „Брест“, случајот „отворање/преместување училишни паралелки,“ итн.)

Законот за работни односи; се издаваат решенија за престанок на работен однос без правна поука, се распределуваат лица на места каде што веќе има распределено други или пак на места за кои е познато дека ќе исчезнат со новите систематизации во државната управа, не се почитува правото на годишен одмор при престанок на работен однос, не се исплаќаат надоместоци за трошоци за одвоен живот, се заобиколува механизмот на дисциплинска постапка, итн.) Ваквиот пристап, (кој што ја поддржува доминацијата на политичкиот фактор наспроти правниот модус и почитувањето на законите), негативно се рефлектира врз натамошниот развој на демократијата и често претставува закана при остварување, а не ретко и преку него се прекршуваат основните човекови права и слободи.

Од една страна, очигледниот бинационален пристап во договорот од Охрид (кој што можеби е сосема прифатлив кога се работи за договор со кој треба да се прекине вооружен конфликт), сè повеќе се судира со мултикултурниот, мултиетничкиот и мултиконфесионалниот карактер на државата.[3] Од друга страна пак, кога етничката димензија преовладува кај секој проблем и во секој однос во државата, со тоа се спречува развојот на демократските институции, механизми и односи, а парламентарната демократија пак се претвора во етнодемократија. Практиката на партиско договарање (која беше карактеристична и за партиите што ја структурираа власта во периодот пред избивање на вооружениот конфликт), во крајна линија доведува до потполна нетранспарентност[4] на процесите на одлучување, ги исклучува граѓаните од овие

3 Во овој контекст, од исклучително значење е анализата и објавувањето на податоците од Пописот на населението направен во 2002 година. Според овие податоци Република Македонија е етнички разнолика земја со популација од 2.022.547 жители од кои: етнички Македонци се 64,18 %, етнички Албанци 25,17 %, етнички Турци 3,75%, етнички Роми 2,66%, етнички Срби 1,7%, а постојат и други помали заедници. Од самиот почеток на овие податоци се гледаше како на исклучително важни во светлина на најновите законски промени: за територијална поделба, за употребата на службените јазици, за образованието и за структурата на јавната администрација, итн. Исто така, од самиот почеток на обработката на податоците, беа искажани сомнежи за прибраниот материјал, околу внесот на податоците и за самата обработка на истите, што беше потенцирано преку маргинализацијата на пописната комисија во врска со преземените активности. Оние резултати објавени на почетокот на декември 2003 година, покажаа значајно зголемување на бројот на припадниците на албанската етничка заедница во вкупното население и намалување на бројот на припадници на сите други заедници. Ова резултираше во отворено негирање на резултатите од овој попис од страна на сите останати етнички заедници. На пример, иако според податоците објавени во 2003 год. во Република Македонија живеат 53,873 Роми, проценките на ромските претставници достигнаа и до 136.000. Добиените бројки веднаш се ставени во контекстот на остварувањето на Охридскиот рамковен договор, без да бидат погледнати низ призмата на уставната терминологија. Имено, вкупниот број граѓани на Република Македонија не беше изнесен во јавноста, иако ова е клучен податок за спроведувањето на уставните амандмани. На пример, во однос на службените јазици, во Уставот децидно стои дека покрај македонскиот јазик, службен јазик е „друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните“ (Амандман V) - што значи, како релевантен податок се јавува бројот на граѓани (државјани на Република Македонија,) а не бројот на жителите, што е податок кој што беше добиен преку спроведениот попис.

4 На 24 јуни 2003 година, Собранието на Република Македонија донесе Одлука за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија. Одлуката се состои од само два члена: 1) Се пристапува кон измени на Уставот на Република Македонија. 2) Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“ Со ваквата чисто формална одлука за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија, во која не е наведено кои делови од Уставот се предложени за измени, Собранието на Република Македонија всушност го изигрува принципот на транспарентност во работата. Со необјавувањето на клучните елементи од предлогот за пристапување кон измени на Уставот - насоките за изменување и дополнување на Уставот и образложение за причините поради

процеси (меѓу другото и преку ограничување на пристапот кон виталните[5] информации)[6] и истите ги претвора во објекти на управувањето, кои во обид за остварување на сопственото влијание можат само да манифестираат непослушност и да ги опструираат државните одлуки.[7]

Еден од индикаторите за ваквата ситуација е отсуството на институтот јавна расправа за промените на законите кои се од витален интерес за граѓаните, формализација на постоење транспарентен процес при објавување на промените[8] и неискористување на институтите на непосредна демократија.[9]

Партизацијата, под закрила на Охридскиот рамковен договор, повторно добива енормни размери во целото општество, а посебно во државните структури. Тоа непосредно се одразува врз корпусот човекови права кога отворено се врши дискриминација врз основа на партиска припадност.[10] Посебно загрижува селекцијата на примената на

---

кои што се предлага изменување и дополнување на Уставот (согласно чл. 200 од собранискиот Деловник) - Одлуката станува безлична, а нејзиното објавување во Службениот весник, бесмислено. Притоа, ваквата бланко Одлука практично овозможува покренување на постапка за измени на кој било член од Уставот или дури и на целиот Устав, без образложение на причините.

5 Власта е мошне ревносна во објавување на огромен број неважни одлуки, како на пример онаа објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 51/03: во која јавноста се известува дека Владата на Република Македонија на седницата одржана на 21 јули 2003 година донела Одлука за давање согласност на Одлуката за набавка на правосмукалки за чистење воздухоплови.

6 Уставниот суд одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста на одделни членови од Законот за Амнестија, меѓу другото повикувајќи се и на друго решение (У. бр. 65/2002) во кое било одлучено да не се поведе постапка за оценување на уставноста на чл. 8 од Законот за амнестија, со образложение дека „овластувањето на Министерот за правда да донесе упатство за спроведување на законот, не излегува од уставните рамки, како и од рамките предвидени во Законот за организација и работа на органите на управата, а што е во рамките на поставеноста на државната управа.“ Од Министерството за правда добивме информација дека такво упатство за примена на Законот за амнестија, постои, но не е објавено во Службен весник. За тоа Упатство да се добие треба да се поднесе писмено барање, по кое тие ќе одлучуваат дали да го достават или не.

7 Демонстрациите на вработените во повеќе претпријатија во стечај; на вработените од дневниот весник „Нова Македонија“ ; демонстрациите на поранешните вработени во Министерството за внатрешни работи; демонстрациите на учениците и родителите во Битола (во врска со отворањето на училишна паралелка на албански наставен јазик, во гимназијата) и во Скопје (во врска со преместувањето на училишните паралелките на наставен албански јазик во матичното училиште Арсени Јовков); демонстрациите во врска со новиот Закон за територијална поделба.

8 На 14.04.2003 година, Владата донесе Одлука за донесување на годишна програма за национален интерес во културата за 2003 година (Сл. весник на РМ 29/03). Членот 1 од оваа Програма вели дека „Со оваа одлука се донесува Годишната програма за националниот интерес во културата за 2003 година,“ која, според членот 2, „влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1.01.2003 година.“ На овој начин одлуката добива ретроактивна сила (делува скоро 4 месеци station наназад).

9 Референдумите одржани во врска со донесувањето на новиот закон за територијална поделба.

10 Партиската призма беше видлива при брзото разрешување на републичкиот јавен обвинител (без соодветно образложение и во многу кратка процедура); смената на директорот на Агенцијата за државни службеници; со смената на сите членови на Републичкиот судски совет (овозможено преку законските измени за чие изгласување беше потребно само просто мнозинство, не само што се направи директен упад во уставно утврдениот мандат на советот кој што трае 6 години, туку се отиде и дотаму што „во функција на имплементација на Амандманот“ беше променет и целокупниот состав на советот) и преку изборот на судиите на Уставниот суд.

Постои пракса кривично да се гонат за корупција и злоупотреба на службената должност само политички опоненти, при што, по правило, или се излегува надвор од законските норми или нормите крајно екстензивно се

правото кога станува збор за гонење на прекршителите на законите кои припаѓаат на владејачките државни и партиски структури (тогаш на законските одредби се гледа низ нивната советодавна и хумана димензија), а кога станува збор пак за припадници на опозиционите партии или партиски неопределени граѓани (тогаш доминира казнената димензија).[11]

Отстапувањата од декларираната определба за промоција и заштита на човековите права се проширува и на меѓународната активност на актуелната власт. Голем удар врз промоцијата и заштитата на човековите права во Република Македонија беше ратификацијата на билатералниот договор за изземање помеѓу Македонија и САД со кој практично се овозможува неказнивост за најтешките кривични дела, а што е во најдиректна колизија со одредбите на Римскиот статут, инаку веќе ратификуван од страна на Собранието. Во отсуство на аргументирана јавна расправа и без соодветно образложение, со ратификувањето на овој договор Собранието всушност го легитимираше не само пазарењето на „право за неправо“ од страна на Владата, туку и тврдењето на Премиерот дека политичкиот интерес е посилен од правните принципи. Тоа претставува манифестна повреда не само на принципот на владеење на правото туку

толкуваат (случајот со притворот на поранешниот пратеник Амди Бајрам и притворот на Слободанка Шуклева, виден член на ВМРО ДПМНЕ; судењето на поранешниот министер за одбрана Љубен Пауновски; упадите во домовите на бившите припадници на распуштената единица при МВР - Лавови и сл.) Најверојатно, во прашање бил т.н. партиски критериум и при донесувањето на решението да не се рушат дивоградбите изградени во заштитениот парк Водно (бидејќи оправдувањето за непостапување во зимски услови дефинитивно е неприфатливо).

Партискиот критериум се манифестира како клучен и во работата на Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи при Собранието на Република Македонија. Ова има катастрофални последици кога Комисијата треба за да заземе став, како по однос на претставките од страна на граѓаните, така и по однос на другите прашања што ги разгледува оваа комисија. На пример, иако при работата на комисијата по претставката во однос на случајот „социјални станови“ беа изнесени бројни неправилности од страна на речиси сите членови на комисијата, гласањето беше изведено под видлива директива на партиските центри и потполно спротивно на изнесените ставови, аргументи и целокупната дотогашна дискусија.

Партискиот критериум е единственото образложение кога се работи за низата извршени кадровски промени во раководните структури на јавните установи и претпријатија (целосната смена на раководниот кадар и членовите на управните одбори во сите буџетски организации во кои Владата именува членови или учествува во изборот (со обиди да се влијае дури и на именување на директор на една членка на Универзитетот во Скопје: Институтот за социолошки и политичко правни истражувања), при што во донесените одлуки за разрешување недостасува елементарна аргументација за причините за предвремен престан на мандатот (решението за разрешување од должноста директор на Управата за безбедност и контраразузнавање и решение за разрешување од должноста директор на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Скопје; разрешувањето на голем број вршители на должност, еден директор на организација регистрирана за вршење на дејност од посебен општествен интерес во областа на културата врз основа на членот 100, ст. 1 од Законот за култура, кој се однесува само на именувањето на директори, а во кој не станува збор за разрешување; разрешувањето на голем број директори на основни училишта пред престанокот на нивниот мандат и без соодветно образложение; неоправдан престанок на работниот однос како последица на разрешувањето од раководната функција (како во случајот на директорката на библиотеката Браќа Миладиновци од Скопје).

11 Одлуката за рушење на дивоградбата изградена од страна на поранешниот пратеник Амди Бајрам во населбата Шуто Оризари (а која ја користело целото население од населбата, кое е доминантно ромско и со многу ниски примања, за одржување на приватни или заеднички прослави и веселби без надомест) е донесена и извршена експресно, за разлика од одлуката за рушење на дивоградбите изградени во заштитената Парк-шума Водно, чие рушење е оставено за потопли денови и со можност дел од нив да бидат вклопени во генералниот урбанистички план.

и на основните принципи на меѓународното право.[12]

Во општото демократско структурирање загрижува фактот дека постои отсуството или нефункционирањето на некои од битните демократски механизми за контрола на власта и непосредна заштита на правата и слободите на граѓаните. Со Законот за народен правобранител (Сл. весник на РМ 60/03), практично беше имплементиран Амандманот XI на Уставот кој што значително ги зголемува, како ингеренциите, така и одговорностите на народниот правобранител.  Хелсиншкиот комитет го поздрави Законот како солидна основа за квалитетно поставување на оваа функција на надзор врз, пред сè, извршната власт.

За жал, актуелниот народен правобранител (кој исто така е назначен како партиски кадар од страна на СДСМ, претходно кога оваа институција се конституираше), ја пропушти можноста на дело да ги покаже своите нови овластувања, што би претставувало и најдобра јавна кампања за ново-воведените механизми за контрола на власта. Јавноста едноставно немаше можност да види како народниот правобранител: а) без претходна најава и одобрение - влегува во полициска станица, затвор, психијатриско одделение или друг државен орган на управата; б) како презема конкретни мерки во однос на некоја долготрајна судска постапка или во однос на неодговорноста на судските служби; в) како, без одлагање, е примен од страна на претседателот на Владата или претседателот на државата; г) како врши увид во најдоверливите информации (органите се должни да му ги обезбедат сите докази, податоци и информации, без оглед на степенот на доверливост); д) како дава иницијативи за законски измени и дополнувања до овластените предлагачи; ѓ) како поднесува предлог до Уставниот суд за оценување на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите прописи или општи акти; е) како посочува конкретна државна установа каде што постои нерамноправна и неправична застапеност на заедниците, итн.[13]  Хелсиншкиот комитет изразува загриженост дека и при следниот избор на народен правобранител тој ќе биде од редовите на партиските кадри (со што

12 Исто така, без аргументирана расправа и образложение, Собранието донесе одлука за испраќање на единици на Армијата за учество во состав на коалициските сили во операцијата „Слобода за Ирак.“ Ваквата одлука може практично да се толкува како одлука за објавување војна, особено кога ќе се земе во предвид дека во последните извештаи на експертите не се утврдени доволно причини за воената интервенција во Ирак, а загубите на т.н. „антитерористичка коалиција“ се поголеми во т.н. „пост-воени“ фази отколку во „воените.“

13 Наместо тоа, во промотивната кампања за новите законски овластувања на народниот правобранител, тој меѓу другото, истакна и дека оваа институција е „заштитник на добрата државна администрација“ и дека „секогаш кога ќе биде неосновано нападната таа ќе биде заштитена.“ Наместо да спроведе информативна кампања за новите законски решенија посебно насочена кон сите засегнати лица (вработените во управните органи, полициските станици, обвинителствата и судовите, лицата во организациите и установите чија слобода на движење е ограничена) бевме сведоци на нешто што поскоро наликуваше на изборна кампања. Во текот на својата работа во 2003 година, народниот правобранител отворено застана во одбрана на ставовите и интересите на СДСМ (односно власта) со правно неиздржаната сугестија за распишување нов конкурс за распределба на социјалните станови.

и овој институт ќе стане дел од партиската трговија и нагодување, со цел со своето делување да не ги загрозува структурите на власта). Исто толкав проблем претставува и неизвршувањето на ваквите функции од страна на структурите во чија надлежност тие се наоѓаат.[14]

Отсликаните процеси во Република Македонија не придонесуваат кон зголемување на промоцијата и заштитата на човековите права и слободи. Владеењето на правото и постоењето на достапни и ефикасни средства за заштита на правата и слободите на граѓаните остануваат на ниво на најлабаво дефинирана аспирација, која не наоѓа своја потврда и потпора во практичното делување на ниту еден сегмент од власта.

Во текот на 2003 год. Хелсиншкиот комитет посвети посебно внимание на неколку области поврзани со промоцијата и заштитата на човековите права кои во текот на оваа година беа од приоритетен интерес, односно, беа сфери на најголеми повреди на човековите права.

14 Собранието на Република Македонија, во својот нов состав, повторно не го постави прашањето за грубото прекршување на човековите права од страна на претседателот на Република Македонија во текот на кризата од 2001 година (употребата на војската на територијата на Република Македонија без изгласана воена состојба од страна на Собранието на Република Македонија и бомбардирањето на цивилни објекти што резултираше во голем број цивилни жртви во текот на вооружениот конфликт. Ова прашање беше неопходно да биде поставено, како од аспект на лоцирање на одговорноста за флагрантни кршења на човековите права и слободи на високите функционери во органите на власта, така и во функција на превенција на вакви дејствија, во иднина.

Актуелниот претседател на Републиката, во 2003 година, направи своевиден „упад во системот“ и кога донесе одлука за аболиција на поранешната министерка за внатрешни работи, Доста Димовска, без соодветно образложение, ги повреди демократските принципи, нешто што е директно насочено против суштината на демократијата, каде граѓанинот е носител и извор на суверенитетот на власта. Со спречувањето на постапката за докажување на прекршувањето на чл 17 од Уставот (документ за прислушување потпишан од Доста Димовска) претседателот и самиот стана соучесник во прекршувањето на тој член.

Претседателот честопати ги дерогираше и другите сегменти на власта (повторно на штета на граѓаните) игнорирајќи го Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори при одлучувањето за „ирачкото прашање.“ Имено, претседателот практично без консултации со ниедно надлежно тело во државата „реши“ да даде недвосмислена поддршка на походот на САД и Велика Британија против „оските на злото,“ засновајќи ја таа своја одлука исклучиво врз тоа дека „Македонија е дел од Антитерористичката коалиција.“ Вклучување на Македонија на кој и да е начин во воена коалиција против Ирак врз основа на ваква претседателска „одлука,“ а без соодветна одлука на Собранието - беше несомнено исчекорување од уставните овластувања. Дури и Советот за национална безбедност го разгледуваше ова прашање откога се отворија дискусии за постапките на Претседателот.

Лошата кохабитација меѓу Претседателот, Владата и Собранието донесе катастрофални последици во функционирањето на државата во одделни подрачја (на пр. непополнувањето на амбасадорските места и некомплетирањето на составот на Уставниот суд и Републичкиот судски совет, меѓутоа и во однос на мошне чувствителни прашања, како судбината на исчезнатите лица, каде што претседателот, без координација со Владата, даваше празни ветувања).

Во своето делување Претседателот си дозволи нарушување на Уставната одредба за одвоеност на религијата од државата. Според повеќе јавни гласила, промоцијата на генералот Стамболиски е направена во црковен објект. Хелсиншкиот комитет неколку пати писмено се обрати до кабинетот на Претседателот со цел да добие информации за настанот, меѓутоа, досега не е добиен никаков одговор (што може да се протолкува како признавање на наводите дадени во медиумите).

## 2. Повреди на економските и социјалните права на граѓаните

Наспроти уставната определба на Република Македонија дека таа е „суверена, самостојна, демократска и социјална држава“ (член 1), која треба „да обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот“ (Преамбула на Уставот) и  спротивно на прифатените обврски согласно Пактот за економските, социјалните и културните права, во 2003 г. продолжува негативниот развоен тренд што доведува до директно загрозување на елементарната егзистенција на голем број луѓе.

Во текот на изминатата година не само што не е направен никаков позитивен исчекор во насока на подобрување на економската и социјалната положба на граѓаните, туку забележливи се и натамошни рестрикции, посебно во сферата на социјалната и здравствената заштита на граѓаните. Производството сè уште покажува негативни трендови (со мали позитивни поместувања во кратки периоди). Бројот на невработени достигна над 400.000 лица; не е пуштен во работа ниту еден покрупен производствен капацитет, а вложувањата во земјоделието се минимални и сосема недоволни за какви и да било поместувања во оваа област (0,57% од вкупниот Буџет за 2003 год.) Надворешните инвеститори сè уште ја сметаат територијата на Република Македонија како ризично подрачје и нема позначајни надворешни вложувања, во која било област.

Според сите направени истражувања и извештаите на УНДП и Светска банка, сиромаштијата станува најголем проблем во Република Македонија. Приходот на населението е под егзистенцијалниот минимум за најголем дел од населението (просечната плата во Република Македонија во текот на 2003 г. не надминува 200 евра, а социјалната помош од страна на државата секојдневно се намалува. Максималниот износ на социјалната помош за еден месец за четворочлено семејство е 50 евра, што не ги задоволува ни елементарните потреби за исхрана за едно лице месечно. Во изминатиот период намалена е листата на лекови кои можат да се земат бесплатно (односно кои што се покриени со здравственото осигурување), а зголемена е партиципацијата при секоја здравствена интервенција. Сиромаштијата, и непосредно и посредно, го загрозува остварувањето на низа базични права и слободи. Во Република Македонија таа се рефлектира пред сè врз остварувањето на правото на образование, здравствената заштита, заштитата на чувствителните групи (стари, деца, жени, лица со хендикеп), остварувањата на правата за постоење здрава животна средина, работните права и заштита при работата, правото на соодветен животен стандард и, во крајна линија, достоинството на човекот.

Се повторува ситуацијата од 2002 година која се карактеризираше со зголемена социјална тензија и нарушување на голем дел од работните и социјалните права на граѓаните. И оваа година најголеми број случаи на поплаки од страна на граѓаните, кои што тие ги упатуваат до Хелсиншкиот комитет, се токму од оваа област. Ако се има во предвид дека смената на власта, во голема мера се должи токму на загрозувањето на правата на граѓаните во оваа област, тогаш актуелната власт не одговорила на еден од главните приоритети заради кој и беше избрана.

Со една од своите први одлуки[15] Владата ја започна рестриктивната социјална политика. Како резултат на оваа политика „со гордост" беше објавен податокот дека социјална помош ќе престанат да примаат над 20.000 граѓани на Република Македонија. Хелсиншкиот комитет не може да најде разбирање за толкувањата на Владата на начелото на социјална правда и правото на социјална парична помош за лица способни за работа, кои што се социјално необезбедени. Извесно е дека има лица што го изиграле или ќе го изиграат системот на социјална заштита. Но, исто толку извесно е дека тој број не може ниту случајно да е 20-тина илјади. Покрај тоа, како сите да забораваме дека се работи за примање на не повеќе од недостоинствени 2.400 денари. Владата, пак, се чини заборава дека суштината на социјалната солидарност е во тоа секој граѓанин во нашата држава да има обезбеден социјален минимум што би се состоел од: финансиски минимум за егзистенција (што не би смеел да биде помал од 6.200 денари по човек), „покрив над главата" и здравствен „пакет." И уште еднаш да нагласиме - тоа е минимумот. Механичкото намалување на бројот на корисници на социјална помош со внесување на нови или заострување на постојните критериуми, во услови на огромна невработеност, во никој случај не може да се перципира како позитивен чекор во остварување на буџетски заштеди и покривање на буџетскиот дефицит.[16]

---

15 Владата, во декември 2002 г. донесе Одлука (Сл. весник на РМ 91/2002) со која ги заостри критериумите главно по две основи: а) барателите „со поднесување на барање ќе доставуваат и сметки за потрошена електрична енергија кои што се водат на име на носителот на правото или член на неговото домаќинство"; и б) „со поднесување на барањето да се достави и договор за закуп за користење на соодветниот станбен простор." Веднаш по соопштувањето на „новите критериуми" - електрично броило, Хелсиншкиот комитет упати барање до Министерството за труд и социјална политика, по кое државниот секретар на ова министерство одговори дека: а) Министерството упатило известување до центрите за социјална работа барањата за социјална помош задолжително да се примаат без разлика дали содржат комплетната документација која што е приложена и сметка за потрошена електрична енергија; б) дека можноста за поседување на броило, односно, причините поради кои што едно домаќинство нема такво броило ќе се утврдуваат преку непосреден увид; в) дека со тоа „се дава можност за стекнување и користење на право на социјална парична помош" и на оние баратели кои нема да доставаат сметка за електрична енергија, доколку спаѓаат во една од 13-те наведени категории лица. Меѓутоа, наспроти ова, до Хелсиншкиот комитет се обратија повеќе граѓани со поплаки дека сепак им била ускратена социјалната парична помош, во најголем број случаи затоа што не поседувале сметки за електрична енергија на име на барателот или член на неговото домаќинство, а и други, заради тоа што не поседувале договор за закуп на стан. Од овие поплаки произлегува дека коригираните критериуми наведени во одговорот од Министерството, фактички не биле применети.

16 На седницата одржана на 22 мај 2003 година Уставниот суд на Република Македонија ги укина член 1 и член 2 став 3 и 4 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за условите, критериумите, висината, начинот и постапката за утврдување и остварување на правото на социјална помош донесена на 2.12.2002. Во одлуката за укинување на оваа Одлука (Сл. весник на РМ бр. 37/03) Уставниот суд смета дека вака поставеното „...овластување(то) на Владата

Со некои свои мерки Владата интервенираше во социјалната сфера на начин кој што го нарушува правниот континуитет и претставува отворена повреда на законите и, на бесправен начин, ограничување на правата на граѓаните остварени во претходниот период.[17]

Дури и позитивните мерки преземени со цел редуцирање на корисниците на социјална помош и нивно обезбедување на продуктивен начин, како на пр. преку доделување на необработено земјиште, на користење, таквите мерки не се остваруваат на начин кој што може навистина да биде чекор во насока на решавање на проблемот.[18]

---

не е во операционализација на законската одредба од член 29 став 2 од Законот за социјална заштита, туку е основ за утврдување на правото на социјална парична помош ...,“ а што не е во домен на извршната туку на законодавната власт. Оттука, тоа се коси со една од основните вредности на нашиот уставен поредок - поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска. По укинувањето на правно незаснованите одредби на Владата, а коишто беа промовирани со последните непопуларни измени (сметките за електрична енергија и договорите за закуп на стан), на кои што Хелсиншкиот комитет неколку пати укажуваше во своите извештаи, се доведува во прашање целокупната стратегија на Владата на Република Македонија, во доменот на социјална заштита.

17 Со образложение дека распределбата на становите изградени како социјална помош за семејства со ниски примања, направена од претходниот состав на Владата, и дека таквата распределба не е заснована врз соодветни критериуми, како и дека се направени фактички повреди на остварување на правото на листите на корисници, Владата го поништи веќе завршениот конкурс и ја започна целата постапка од почеток. По поништувањето на огласите за социјални станови од страна на Владата, граѓаните кои имаа стекнато право на закуп упатија тужба за управен спор до Врховниот суд на Република Македонија против Одлуката за поништување, како и иницијатива за оценување на законитоста на истата одлука на Владата, до Уставниот суд на Република Македонија.

Врховниот суд на 13.02.2003 година донесе Решение со кое ја отфрла тужбата со образложение дека е недозволена. Имено, според Врховниот суд, со тужба за управен спор може да се оспори само управен акт, а судот утврдил дека «означената Одлука на Владата на Република Македонија нема карактер на управен акт, во смисла на член 6 од Законот за управни спорови.

Уставниот суд на 8.04.2003 година донесе Решение со кое ја отфрла иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлука на Владата, со образложение дека Одлуката за поништување не е пропис, подобен за уставно судска оценка. (За судот, кој тргнува од содржината на оспорената Одлука, „истата не може по својот карактер да претставува пропис, во смисла на членот 110 алинеја 2 од Уставот“ затоа што „има правно дејство само по однос на лицата што склучиле договор за закуп врз основа на сега поништените огласи.“) Исто така, во своето образложение, Уставниот суд констатира дека „...Во овој случај Огласот, претставува општ повик за неограничен број на заинтересирани лица да склучат договор и истиот по својот карактер не е пропис туку преземено дејствие за реализација на претходно регулирана конкретна постапка за давање на точно дефинирани станови под закуп.“ Со овие решенија граѓаните се доведени во ситуација на правен вакуум и не можат да ги заштитат своите права.

Со цел да и даде правна валидност, Владата донесе нова Одлука за услови и критериуми за распределба на станови изградени со „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“ (Сл. весник на РМ 51/03), со која практично престана да важи Одлуката за начинот и постапката за распределување на становите изградени со „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лицата со ниски приходи“ (Сл. весник на РМ 104/00, 97/01 и 8/02). Со новата одлука се применува принцип на ретроактивна сила на важење на одлуката што е негативно за граѓаните непосредно инволвирани во случајот, предвидени се нови критериуми, меѓутоа тие се исто толку генерални и непрецизни, како и оние во претходната. Владата еднострано го раскина облигациониот однос воспоставен со граѓаните и не најде начин за разрешување на проблемот кое ќе ги земе во предвид спецификите на секој индивидуален случај, посебно.

Според последните информации добиени преку медиумите, Владата започнала со пренамена на некои од социјалните станови (во Гостивар три стана се доделени на лица надвор од листите на кандидати направени врз новите критериуми, а за потребите на Владата).

18 Во контекстот на непостоење на разработена политика за развој на земјоделието, малиот број широко дефинирани критериуми може да го доведе во прашање правичното распределување на земјиштето; не се води грижа за правилно регистрирање на индивидуалните земјоделци кои што понатаму треба да ги уживаат правата од здравствено и социјално осигурување; идните корисници не се ослободуваат од административни такси; не се гарантираат субвенции

Повредите на правата од работен однос исто така заземаат значајно место во негативните трендови на заштита на човековите права. Во континуитет со претходната, и 2003 година се окарактеризира со масовни повреди на Законот за вработување,[19] правата кои што произлегуваат од работен однос[20] и несовесната улога на самите синдикати кои ја заборавaат својата улога.[21] „Кадровските, структуралните и технолошките промени" се најчести изговори зад чие апстрактно и необразложено значење се засноваат масовните[22] и правно непоткрепени отпуштања на работниците. И во текот на оваа година продолжува практиката на отпуштање на работниците заради учество во штрајк.[23] Кадровските поместувања во Министерството за внатрешни работи на специфичен начин се одразуваат на уживањето на правата на вработените.[24]

Државниот инспекторат за труд, како надлежна институција која врши надзор над примената и почитувањето на законите во врска со работните односи и правата кои што произлегуваат од работен однос, не одговори на поставените задачи и барањата за поголема ажурност, како надлежен орган во поглед на случаите на фалсификувани документи, почитување на законите и законските процедури, и не одговори во давањето помош и правна поука при постапување по барањата на работниците за заштита на нивните права.[25]

---

во форма на помош во ѓубрива, давање на поволни кредити за набавка на механизација или опрема, и слично.

19 Отпуштањето на Габриела Трајчевска од Германос Телеком поради отсуство од работа за време на нејзината бременост; престанок на работниот однос на група граѓани поради отсуство од работа за време на конфликтот во 2001, наспроти заклучоците и препораките на Владата - случаите околу работниците од АДГ Маврово, МЗТ Леарница, Мак-стил Скопје – и во општина Арачиново.

20 Хелсиншкиот комитет апелираше до Владата околу нејзините отказни решенија, да ги почитува законските обврски и процедури во случаите на разрешување од должност, посебно во делот на образложување и обезбедување транспарентност на таквите решенија. (Случаите на необразложени и предвремени решенија за разрешување на Директорот на управата за безбедност и контраразузнавање, Директорот на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор, сведочат за таквата практика на Владата).

21 Во случајот „Киро Ќучук" во меѓусебната борба за влијание, двата синдикати сосема заборавија на заштитата на правата на работниците. Индикативна е одлуката на Владата (Сл. весник на РМ бр. 51/2003) да додели една четвртина од вкупните средства наменети за здруженија на граѓани на Сојузот на синдикатите (кој не е непрофитна организација и не е регистриран како здружение на граѓани, според Законот за здруженија на граѓани и фондации).

22 Отпуштањето на поголем број работници од ЕСМ без соодветно правно издржана постапка, а во некои од случаите, со грубо прекршување на националните закони и прифатените меѓународни акти (како во двата случаи на отпуштени работнички, кога користеле породилното отсуство); престанокот на работен однос на поголем број лица од Фондот за здравствено осигурување.

23 Случајот со АД Киро Ќучук - Велес се провлекува и оваа година, засилен со 39 нови одлуки за престанок на работниот однос.

24 При сомнителните распоредувања на работници од МВР на други работни места (честопати на несоодветни позиции,) на дел од нив им било признаено правото на трошоци за одвоен живот од семејството, во висина од 60% од просечната плата на работник, исплатена во стопанството на Република Македонија, во последните три месеци, сметано од денот на распоредувањето. Иако лицата имаат решенија потпишани од Министерот за внатрешни работи со кои им се признава споменатото право (дека ги исполниле условите од член 27 и член 87 став 1 алинеја 4 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи) трошоците за одвоен живот, или не биле воопшто исплаќани, или пак исплатата на таквите трошоци им била сопрена, со образложение дека нема буџетски средства.

25 Многу често прекршување на правата се состои од не давање образложение и правна поука во решенијата за престанок на работниот однос.

Генерален заклучок кој може да се изведе во однос на состојбата со правата на граѓаните во сферата на економските, социјалните и работните права е дека оваа сфера е сфера каде што постои најголемо непочитување на националната и меѓународната регулатива од страна на сите нивоа на власта и дека власта гради една стратегија со која целокупниот товар на наводните „реформи“ го префрла на сметката на, и онака осиромашените граѓани, со што создава услови на постојани социјални тензии и ситуација на можно избивање на социјален конфликт.

Можеби најдобра илустрација за избегнувањето на обврските на актуелната власт е фактот што Македонија сѐ уште нема преземено никакви чекори за ратификација на Ревидираната Европска социјална повелба - акт што на економско-социјален план претставува исто што и Европската конвенција за човекови права, на планот на граѓанско-политичките права и слободи на граѓанинот.

# 3. ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## 3.1 Полицијата и човековите права

Во текот на изминатата година уште повеќе се продлабочи процесот на дезавуирање и деградирање на улогата на полицијата, по две паралелни линии. Од една страна, полицијата продолжи да го крши законот останувајќи надвор од досегот на правдата. Од друга пак, дел од населението, посебно припадниците на албанската етничка заедница, продолжија да негуваат отворена недоверба кон униформираната полиција и да се спротивставуваат на секој облик на делување на полицијата и да протестираат при секое апсење извршено врз припадници на оваа заедница, поставувајќи се надвор и над законот и создавајќи ситуација на правен и институционален хаос.

Специфичните задачи кои што полицијата требаше приоритетно да ги оствари во 2003 година беа: промени во етничкиот состав на полицијата; реформи во насока на подигање на нејзината ефикасност и поголема заштита на човековите права и слободи; подигање на нивото на севкупната безбедност на населението, а посебно безбедноста во подрачјата кои што беа зафатени со конфликтот во 2001 година.

Резултатите на едногодишните декларирани заложби, ниту од далеку не се задоволителни:

1. Наспроти евидентните промени во етничката структура на полицијата (кои за жал се пред сè ориентирани кон поголема застапеност на припадниците на албанската етничка заедница, а не и кон воведување вистински мултикултурни промени во составот), не се зголеми сензибилитетот на полицијата за културните, религиозните и етничките разлики.[26] Зачудува тоа што во ниту една од обуките кои се изведуваат со униформираниот дел од полицијата не е ставен акцент токму на овој недостаток на полицијата.

2. Етнички мешаните полициски патроли кои што требаа да ја вратат довербата на населението во полицијата, не остварија ефективна контрола над подрачјата во кои што се движат и нивното присуство остана на ниво на само формално присуство на теренот. Полицијата продолжи да ги користи „услугите" на војската при извршување на акциите на територијата на Република Македонија (во случајот Брест,) тврдејќи дека осомничените за одредени криминални дејствија не се цивили и користејќи воена реторика која што е непозната кај спроведувањето на кривичното право.[27]

3. Наместо во функција на одржување на јавниот ред и мир, и спроведувањето на законот, честопати полицијата се јавуваше во улога на генератор на тензии, како на планот на меѓуетничките односи, така и на планот на употреба на сила врз невооружени лица и граѓани што не претставуваат закана по ниту една основа. Недовербата на населението се зголемува заради тоа што полицијата не апси, туку казнува и убива, не заштитува, туку се заканува и заплашува, не соработува, туку

26 Несензибилизираноста на полицијата за специфичните аспекти на меѓуетничките тензии и конфликти најмногу дојде до израз во акцијата на претресување на домови по повод случајот „Сопот." Оценката на Хелсиншкиот комитет за неприлагоденоста на полициската акција во Сопот кон посебните потреби на лицата кои што биле непосредно засегнати при насилни претреси по домовите (постоење јасни индиции за непочитување на човековото достоинство, приватност, личен интегритет, и непостапување во склад со најдобриот интерес на децата) коинцидираше со резултатите од непосредниот увид на екипата на Народниот правобранител. Резултатите покажаа „очигледно несоодветно, нечовечко и нехумано однесување кон одредени лица од страна на припадниците на полицијата кои што го вршеле претресот, па и пречекорување на службените овластувања, односно постапување спротивно на Уставот и законот." Меѓутоа, за челниците на МВР, резултатите од работата на седумчлената „мешана" комисија при МВР (со претставник на ОБСЕ) покажале дека полициската акција била „уредно подготвена" и дека биле направени само „мали" пречекорувања на службената должност. За какви „мали пречекорувања" станува збор (што ги утврдила комисијата) можеше да се утврди само од известувањето на ОБСЕ, недостапно за пошироката јавност. За жал, за пристрасното и лажно прикажување на наодите на комисијата, кое не беше во интерес на враќањето на загубената доверба кон полицијата од страна на јавноста, никој не понесе одговорност.

27 Полицијата тргна во акција за „разбивање на криминални/екстремистички/терористички" групи без да покаже соодветни судски наредби и без да ги наведе кривичните дела за кои постојат основи за сомневање. Тоа доведе до драматично опаѓање на довербата на граѓаните кон спроведувачите на јавниот ред и мир, па дури и развивање на анимозитет поради „ненадејните апсења" на селаните, коишто се чини дека немаат никаква видлива врска со криминалните структури што дејствуваат во тој регион.

манифестира моќ и влева страв.

4. Презумцијата на невиност многу често се нарушува со изјави дадени во медиумите од страна на официјални лица од Министерството за внатрешни работи, односно во официјалните настапи и прес конференции на портпаролката на Министерството за внатрешни работи.[28]

5. Граѓаните упатуваа бројни поплаки за полициското дејствување кои се однесуваат на: незаконски претреси, произволни апсења (без налог за приведување, проследени со повеќедневно задржување на приведените и со крајно несоодветен третман на приведените, во полициските станици,) како и други дејствија кои што претставуваат пречекорување на овластувањата на полицијата. Дијапазонот на систематски повреди е мошне широк: приведување без судска одлука и без да бидат соопштени причините за приведувањето; присилно доведување во полицијата ако се изложи јавна љубопитност; незапознавање со правата на приведените лица; неиздавање писмен документ во кој што се наведени основот и причините за задржувањето; непристојно и неслужбено обраќање, малтретирање и понижување при легитимирање, несоставување извештај при легитимирањето итн.[29]

28 Наместо да ја користи терминологијата од Законот за внатрешни работи, од ЗКП и КЗ, МВР користи вокабулар кој што ја прејудицира вината на определени лица (кои ги нарекува „осведочени криминалци“) без да го наведе кривичното дело за кое што наводно постојат основи за сомневање, без да наведе дали се поднесени кривични пријави и, евентуално, дали се подигнати обвинителни акти од страна на јавниот обвинител. На пример, во писмо објавено во Дневник (30 октомври 2003) потпишано од МВР, покрај демантот околу изјавите на едно здружение на граѓани, беше изнесено и тврдењето дека лицето Г.С., на кое му престанал работниот однос, го оштетило МВР проневерувајќи 17 милиони денари. Во истото писмо, актуелни раководни лица во МВР, го изнесоа и тврдењето дека шверцот со нафта и цигари бил заштитен знак на нивните претходници кои „ваквите транспорти на нафта и нафтени деривати ги правеа со знаење на Владата и директорот на Царинската управа и со благослов на нивните тогашни коалициски партнери во власта“ (Дневник 30 октомври 2003). Потоа, во писмото објавено во Дневник („Крокодилските солзи на Груевски,“) МВР обвини дека „...најголемите манипулации со бранителите (резервистите и припадниците на ЕБИ ЛАВОВИ) се правеа од ВМРО-ДПМНЕ и од тогашниот министер за финансии.“ Притоа, МВР нè информира и дека последната потерница за лицето Диме Ицковски „...за кривично дело кражба е издадена три дена по парламентарните избори, кога сè уште беа актуелни раководните структури на ВМРО-ДПМНЕ, во судството и полицијата.“ Наместо во улога на прибирач на докази заради поднесување на кривична пријава, МВР се јавуваше и во улогата на обвинител и пресудувач. МВР, соочено од страна на медиумите со бројните индиции за прекршување на човековите права, во истражната постапка водена против осомничената Слободанка Шуклева, на конференција за печат, пред „судот на јавноста,“ изнесе „фактури“ кои што наводно требале да послужат како крунски доказ во судската постапка против обвинетата. И во овој, како и во многу претходни случаи, беше заземен ставот дека прекршувањето на човековите права може да се оправда кога се поседуваат „сигурни докази“ за вината на осомничениот и дека „сигурните докази“ го прават непотребно постоењето на целокупниот правосуден систем.

29 Укажуваме само на неколку илустративни примери:Во Свети Николе, наместо судска наредба, полицајците покажувала парче хартија на која со пенкало биле напишани десетина имиња на младинци кои требало да бидат приведени. Јовче Лазороски (возач во Окта) бил распрашуван во полициската станица во Куманово од страна на полицајци во цивил кои што не се легитимирале, не го известиле за причините на приведување, ниту го известиле за неговите права. Две седмици подоцна (06.08.2003 год.) Лазороски бил повторно приведен од страна на овластени службени лица, повторно без никакво образложение. Сниметелот на ТВ «Тера» Тони Петрушевски бил на насилнички начин спречен да снима од група специјалци на МВР по „заложничката драма“ во Битола. Петрушевски, од страна на полицајците, бил грубо навредуван, лентата со снимениот материјал му била одземена и бил приведен во полициската станица без да биде запознаен со причините за таквото постапување и со неговите права. Петре Николоски, поранешен припадник на единицата „Лавови“ на 06.11.2003 година околу 02.00 часот наутро бил присилно приведен од страна на полициски службеници без судски налог и бил однесен во ПС Прилеп без да биде информиран за причините за

приведувањето.

Во 2003 г. продолжија произволните апсења и нивна цел беа, пред сè, лица со поинакво политичко (партиско) убедување. Жртви на незаконити приведувања, но и на полициско насилство, беа и одредени поранешни припадници на МВР (од бившата контроверзна единица „Лавови.“) Сè уште продолжува праксата на неевидентирање на приведените во полициските станици, со што се избегнува одговорноста за приведувањето, без налог. Сè уште се користи и институтот „приведување заради обавување информативен разговор“ (што е укинато веќе подолго време со одлука на Уставниот суд). Во Штип, покана за „информативен разговор“ со назнака да се јави „веднаш“ има добиено деветгодишниот син на поранешниот командант на единицата ЛАВОВИ! Еден набљудувач на Хелсиншкиот комитет беше сведок како на лице кое претходно било повеќепати повикувано да се јави во полицијата, му се врачува покана со назнака да се јави „веднаш“ откако самото доброволно се јавило во полициската станица.

Во голем број случаи „информативните разговори“ се користат како притисок врз граѓаните за да дадат исказ пред полицијата. По пуштањето на слобода, на граѓаните не им се издава потврда за основот и престојот во полициската станица, што им оневозможува да се жалат на основаноста и законитоста на задржувањето, да се оправдаат на работа и сл. Кога Хелсиншкиот комитет побара објаснување за приведувањето на Ана Куновска (без налог, без да биде информирана за причините и без да биде изведена пред истражен судија) добивме одговор од ПС Кисела Вода, во кој е наведено дека А.К. била во полициската станица „задржана во 21.15 часот врз основа на Службена белешка за задржување на лице, со поука за правата, издадена од страна на инспекторите од ОНТ при СВР – Скопје.“ Истите инспектори прво го прекршиле правото на неповредливост на нејзиниот дом, па дури потоа прибавиле налог за претрес, без да издадат записник за истиот.

Хелсиншкиот комитет укажува на бројни пропусти при претресување: претрес без судски налог; претреси кога не се знае што всушност се бара; претрес во простории кои не се наведени во судскиот налог (на пример, при контроверзните претреси во Штип, во наредбата е дадена адресата Вера Циривири Трена бр. 29 во Штип, а претресот е извршен, согласно она што е наведено во записникот на м.в. Суитлак, викенд куќа); претресување само со покажување на налогот (без истиот да му се достави на граѓанинот, како во случајот при претресот на домот на командантот на „Лавовите“ Стојков, во вечерни часови); претрес без сведоци (без никакво образложение); неиздавање записник за претрес; внесување невистинити податоци во записникот; неиздавање потврди за одземени предмети (во случај „Сопот,“) итн.

Неинформираноста на граѓаните за нивните права полицијата ја користи при што таа се повикува на веќе непостоечки прописи. Во едно известување потпишано од Началникот на ОВР-Кисела Вода стои дека било извршено приведување на лица согласно Правилникот за вршење на работите на службите за јавна безбедност. Меѓутоа, овој Правилник од 1985 година е укинат уште во февруари 1998 година, со влегувањето во сила на новиот Правилник за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи!

И покрај тоа што Уставниот суд во период од неколку години упорно донесува одлуки со кои што се обидува да ја прекине практиката на бесправно приведување на македонската полиција, МВР упорно ги игнорира одлуките на Уставниот суд. Уставниот суд во 1999 г. укина неколку одредби од Правилникот на МВР од 1998 година (чл. 21 став 1 точка 3, чл. 29 и чл. 31). Меѓутоа, наместо да ги информира припадниците на полицијата за споменатите измени, МВР во 2003 година печати полициски прирачник во кој што е објавен и „Правилникот за вршење на работите на министерството за внатрешни работи“ (оној од февруари 1998 год.) заедно со укинатите членови.

На адвокатите не им се дава прилика да контактираат, насамо, со осомничените, за да може да се советуваат, а и кога присуствуваат на испитувањето, може само пасивно да набљудуваат.

По приведувањето на Јовче Лазороски, не му било дозволено да разговара со неговата адвокатка, која што веќе се наоѓала во полициската станица и која што тврди дека упорно барала да присуствува на испитувањето на нејзиниот клиент, на што ѝ било одговорено дека ќе биде уапсена доколку не излезе од станицата. Лазороски бил пуштен наредниот ден во 09:00 часот, откако бил приморан да го потпише записникот, во кој што вели дека не барал адвокат.

Условите за задржување во полициските станици се лоши и нехумани, особено во зимскиот период бидејќи просториите за задржување по правило се подрумски и без греење. На лица што подолго се задржуваат, не им се обезбедува оброк, иако тоа е предвидено со правилник на Министерството. Не постојат стандарди за посебен третман на ранливи групи, како малолетници, лица со хендикеп и сл. Во текот на притворот средбите со семејството се многу рестриктивни, а во некои случаи и потполно отсуствуваат. Полицијата продолжува со неконтролираната употреба на огнено оружје при апсење на осомничени. Во текот на 2003 година тоа доведе до смрт на повеќе осомничени за кривични дела при нивното апсење. Во случајот на Димче Ицковски семејството на убиениот изрази отворено сомнение дека е извршена вонсудска егзекуција (околностите на случајот се чинат сомнителни, а контрадикторноста на изјавите во врска со обдукцијата го надополнуваат овој впечаток), меѓутоа, комисијата формирана за испитување на случајот (во која членуваше и претставник на ОБСЕ) утврди оправдана примена на сила.

6. Методите на тортура и понижувачко однесување продолжуваат да бидат секојдневие на полициското делување и не се предмет на посебна контрола, гонење и соодветно санкционирање. Лицата што се лишуваат од слобода и приведените во полициска станица редовно не добиваат пристап до лекар, а пак за правото на лекар по свој избор, не станува ниту збор. Правото на медицински третман не е уредено ниту со законски ниту со интерни прописи и е оставено да се решава од случај до случај. Во одредени случаи, кога екипите на брза помош биле принудени да интервенираат во полициската станица, лицата кои што добиле медицински третман не можеле да ја подигнат медицинската потврда од полициската станица. Во поголем број случаи, податоците во медицинските потврди не укажуваат на кој начин се настанати третираните повреди.[30] Годинава забележавме и два случаи на полициско малтретирање на вработени во медиумите.[31] Ниту судовите ниту Јавното обвинителство, не само што не ги користат своите законски овластувања во функција на спречување на полициските злоупотреби, туку и нема никаква волја да се преземе каков и да е потег, во таа насока.[32]

30 Драстичен пример за ова претставува смртта на Благој Стојановски, на 5.12.2003 во Битолскиот истражен затвор „Црн Мост" кој починал зашто не му била дадена лекарска помош, во состојба на очигледно нарушување на здравјето.

31 Сниmателот на ТВ «Тера» Тони Петрушевски и сниmателот на ТЕЛМА телевизија, г. Митко Затковски.

32 За разлика од 2001, а делумно и од 2002 г. кога територијалното и персоналното фокусирање на случаите на тортура или на нечовечно или понижувачко постапување или казнување беше карактеристично, т.е. тоа беше распространетост на подрачјата погодени со кризата и раширеноста на таквите случаи беше со релативно јасен етнички предзнак, во 2003 година дојде до територијална дисперзија на ваквите случаи и тие се раширија на целата територија, а етничкиот предзнак се прошири и кон мнозинската популација. Имено, најголемиот број жртви во случаите каде што Хелсиншкиот комитет беше инволвиран, на овој или оној начин, беа етнички Македонци (околу 20-тина случаи), дури потоа следат Ромите (со 4 процесирани и 2 непроцесирани случаи), како и 4 случаи каде беа вклучени етнички Албанци. Најсериозните случаи вклучија еден Албанец од Косово (држен во притвор без да му бидат извадени куршумите добиени во пресметка со македонската Полиција) и еден Македонец кој што почина во притворот во Битола (ова е најнов случај - елементите се уште се утврдуваат). Уште една важна карактеристика е тоа што беше увидено дека постојат цел дијапазон на типски случаи: од случаи на тортура при приведување и испитување во полициска станица (на пример, случајот со обвинетиот за тероризам Авни Ајети, држен четири дена на „полициска обработка" пред да даде себеинкриминирачки исказ пред истражен судија; случајот на Јошко и Далибор Вјачоски, кои што беа брутално претепани во полициските гаражи; случајот на поранешниот „лав" Петре Николовски), до нечовечно или понижувачко однесување при претрес на дом и лица, па сè до злоупотреба на правни институти, како што е притворот во функција на изнудување признание (посебно случајот Шуклева).

Полицијата не само што се обидуваше да изнуди признание за тешки кривични дела (како при обвинетите за „тероризам" или дури и во случаите на сведоците - на пример, кога клучниот сведок за случајот „Сопот" кој не беше обвинет) туку и во случаи на обични кражби. Во Хелсиншкиот комитет како случаи на тортура беа регистрирани случаите на: Скендер Садиковиќ, кој што бил претепан во сопствениот двор пред неговите три малолетни деца и повеќемина соседи, а потоа бил приведен во полициската станица каде што бил подложен на жестоко тепање, во кое активно учествувале 6 полицајци, со намера да се изнуди признание за извршена кражба во „Св Петка" во Бедиње, каде исчезнала касата со парите од продадени свеќи. При тепањето полицајците се користеле со дршка за секира и удирале во пределот на ‹рбетот и бубрезите. Случаите на Сенад Рустемовски и Ејвас Шерифовски од Прилеп и Јашар Рамадан од Битола на 8.02.2003, кои што биле приведени во полициската станица во Прилеп (заради идентификација,) каде што биле навредувани, тепани и малтретирани од страна на петнаесетина полицајци. По 4 часа биле принудени да потпишат изјава дека немаат никакви забелешки на однесувањето на полицијата и потоа биле ослободени. Форумот за правата на Ромите АРКА од Куманово извести дека на ден 02.04.2003 година околу 16.30 часот, кај Спомен Костурницата во Куманово, две лица од Ромска етничка припадност биле тепани од страна на полицијата. Според сознанијата на АРКА, на овој настан му претходела расправија помеѓу оштетените лица и чуварот на Спомен Костурницата, кој се обидувал да ги избрка затоа што играле кошарка. Откако не успеал, чуварот повикал полиција која дошла и веднаш започнала

Хелсиншкиот комитет уште еднаш истакнува дека човековите права не можат да бидат заштитени без постоење на ефикасна, обучена, организирана и одговорна полиција.

Уште еднаш потсетуваме на членот 1 од Законот за внатрешни работи, според кој, главна задача на полицијата е „заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните" и „ заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот," како и на тоа дека осомничените, обвинетите и осудените се исто така граѓани.

Хелсиншкиот комитет ги поддржува промените на составот на полицијата во насока на пореално отсликување на мултикултурниот карактер на општеството, како исклучително значајни за соодветното извршување на задачите и основа за враќање на довербата на граѓаните. Меѓутоа, овие промени во никој случај не смеат да се прават на начин со кој ќе се заобиколат процедурите, правилата и критериумите.

Посебно, обрнуваме внимание на отсуството на соодветна внатрешна и надворешна контрола на работата на полицијата и благото и мошне ограничено санкционирање на полицајците, во случај на прекршување на законските одредби и злоупотреба на службената должност.

---

да ги тепа. Како последица на тепањето едно од лицата се здобило со видливи повреди во пределот на грбот, рацете и нозете. Тоа побарало лекарска помош и набавило лекарско уверение. Другото лице, малолетно, било тепано со боксови, но немало видливи знаци на повреди, но исто така се обратило на лекар. Далибор Вјачовски е без писмен документ и образложение приведен во ПС Крушево преку гаражите, а не од главниот влез „за да не гледа целиот град како го носат во станица." Кон гаражите се упатил и неговиот татко, за да види што се случува со синот. По излегувањето од полиција, кај Далибор е констатирано тешко оштетување на десното око, по што тој бил хоспитализиран и останал 9 дена на болничко лекување на очната клиника, а кај неговиот татко била констатирана фрактура на 3 ребра (од 6-то до 8-то ребро) од десната страна на градниот кош. Митко Затковски на 28.05.2003 год. во раните утрински часови бил посетен од тројца полицајци кои го известиле дека имаат наредба за присилно доведување како сведок во судот - документ не бил покажан. Откако бил физички совладан, при што се здобил со телесна повреда, по долна маица, Митко Затковски бил однесен во полициската станица Ѓорче Петров но, наместо оттаму да биде однесен во судот во Виница, бил пуштен дома.

Она што најсериозно загрижува е дека државата, и покрај бројните реакции, како на медиумите, така и на невладините организации, не презеде соодветни активности за надминување на состојбите. Напротив, се добива впечаток дека, посебно Полицијата, упорно го зголемува бројот на таквите случаи, дека нема дури ни внатрешно санкционирање на полицајците, а за судско санкционирање не станува збор, и дека самата Полиција пристапува кон свесно затскривање на таквите полицајци, а ова пак се однесува на сите спомнати случаи. Внатрешната контрола на Министерството при вакви и слични пречекорувања, се врши без учество на граѓаните, таквата контрола е недоследна и се карактеризира со колегијална солидарност. Единицата за професионални стандарди по правило им „поклонува верба" само на изјавите на инволвираните полицајци, без воопшто да ги вклучи оштетените во истрагата. Во еден случај Полицијата упорно нудеше на препознавање други полицајци, одбивајќи да ги построи инволвираните. Во друг случај Полицијата и писмено негираше постоење на случај на тортура и покрај тоа што постои документација и од Министерството за одбрана и од Народниот правобранител, за случајот. Многу честа реакција на полицијата, кога е повикана да даде информации при постоење на сомнение дека е извршен чин на физичко малтретирање, а ова кога обично кога повредите се видливи или постои медицинска документација, е дека дошло до самоповредување на осомничениот. Создавање на едно ефикасно тело за борба против пречекорувањето на полициските надлежности се наметнува како приоритет.

## 3.2 Судството и човековите права

И во текот на изминатата година продолжи процесот на ерозија на дигнитетот на судството, како трета независна власт. Иако беа направени одредени позитивни чекори во поглед на судската самостојност (со стапувањето во сила на новиот закон за самостоен судски буџет,) во поглед на независноста и непристрасноста на судството, не беа направени значителни позитивни поместувања.

Изборот на судиите и јавните обвинители е сѐ уште под непосредно влијание на политичките партии на власт (изборот го врши Собранието на Македонија) и на извршната власт (посебно на Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи). Секоја нова власт се обидува судството да го инструментализира преку „инсталирање" на проверени партиски кадри во него, а особено на клучни места како што се Републичкиот судски совет, Врховниот суд, Уставниот суд и претседателските и другите раководни места во другите судови, како и во Јавното обвинителство.

И во текот на 2003 година судовите и судиите беа изложени на постојан притисок од страна на другите сегменти на власта (посебно извршната) и во повеќе наврати и на различни начини се вршеше директен атак врз нивната организациона и функционална независност.[33]

Независно од идеалите за поделба на власта на законодавна, извршна и судска, судиите, повеќе или помалку, наликуваат на квази-државни службеници и, на долги патеки, ретко кога, навистина ѝ се спротивставуваат на власта. Измените што се подготвуваат во казнената постапка, како одговор на заканите на организираниот криминалитет и корупцијата, (како што се специјални истражни мерки, заштита на сведоци и сл.) се во функција на поефикасна контрола на криминалот, но тие не водат доволно грижа за правата на обвинетиот и правото на приватност. Посебно загрижува и најновиот Акционен план за борбата против организираниот криминал, документ во којшто се инсистира на тесна соработка на полицијата со обвинителството и судовите (што е спротивно на меѓународните стандарди со што се обезбедува фер и непристрасно судење).

Судиите, во низа случаи, покажаа многу слабо познавање на меѓународната и националната регулатива поврзана со човековите права и слободи и, не само што не успеаја да ја остварат својата улога при давање највисока заштита на овие права, туку се појавија иако непосредни прекршители на правата на граѓаните.[34]

33 Во случајот со судот во Гостивар, кога Министерот за внатрешни работи отворено се вмеша во одлуката на судијата, за осомничениот да не определи мерка притвор, што резултираше во смена на судијата и донесување на спротивна на неговата одлука.

34 Индикативно за непостоењето свест за човековите права кај судиите е и нивното оглушување на тврдењата за тортура и нечовечен третман, и пренебрегнувањето на практиката заснована врз ЕКЧП, дека товарот за обезбедување

Прекршувањата на човековите права и слободи, во врска со остварувањето на минималните стандарди и гаранции предвидени со членовите 5 и 6 од Европската конвенција за правата на човекот, може да ги лоцираме во сите области и на сите нивоа на практикување на судската власт.

1. Судовите и во 2003 година, генерално потфрлија во заштитата на неприкосновеното право на слобода и сигурност на личноста, како во поглед на оспорувањето на законитоста на лишувањата од слобода, така и во поглед на определувањето на мерката притвор и оспорувањето на законитоста на изречените притвори.[35]

---

на прифатливо објаснување за причината на повредата, паѓа на властите, а не на одбраната (на пр. кога некое лице е приведено во полициски притвор во здрава состојба, но при негово пуштање, ќе се утврди дека е повредено). Најеклатантен пример за ова беше оглушувањето на судот во процесот против Селам Селами, кој „исчезнал“ откако се упатил кон судот, за да го побара налогот за претрес на неговиот дом. Одбраната поседуваше голем број медицински докази, вклучително и едно известување, потпишано од директорот на Бирото за јавна безбедност (од 29.08.2002 год.) дека „...Селам Селами се наоѓа во Клиничкиот центар во Скопје, поради добиен излив на крв во мозокот, настанат како резултат на хипертензија, предизвикана од психосоматски причини.“ Ниту обвинителството, ниту судот, не презедоа никакви мерки со кои што ќе се пронајдат и казнат одговорните лица. На неколку други судски процеси, против лица кои што беа обвинети за кривично дело тероризам, одбраната изнесе тврдење дека клучните докази на кои што се темели обвинителниот акт, се изјави кои што се изнудени со полициска присила. Уште повеќе, изјавата на обвинетиот Авни Ајети (изнесена како доказ против командантите „Чакала“ и „Џејми Шеј,“) како и на сведокот Рамадан Бајрами, во случај „Сопот,“ беа негирани на главниот претрес, со образложение дека се дадени под полициска присила. Иако на судот му беа предадени медицински докази за настанатите повреди за време на притворот, па дури и трагите од здобиените повреди беа покажани на главниот претрес (во случајот на Авни Ајети), и беа предочени индиции за незаконито приведување и недозволено задржување од страна на полицијата, судовите останаа неми на тврдењата за тортура и нечовечно и понижувачко постапување. Основните судови не побараа спроведување на ефикасна официјална истрага со која треба да се утврди фактичката состојба во однос на индициите дека доказите (изјавите) се прибавени со кршење на човековите права, и донесоа осудителни пресуди (во случајот „Сопот“ и случајот „Ајети, ‹Чакала›, ‹Шеј›..., итн.“) поклонувајќи верба само на првичните искази дадени пред истражен судија.

35 Судиите ја игнорираа пресумпцијата на слобода, како и фактот дека товарот на докажувањето колку одредени причини се засновани, паѓа на оние кои што го извршиле лишувањето од слобода. Судиите определуваат максимален притвор (30 дена) и во случаи кога таква строга мерка не е неопходна, без притоа да дадат соодветно образложение за суштинските правни и фактички причини за лишување од слобода, што понатаму ќе му овозможи на лицето лишено од слобода да ја оспори законитоста на одредениот притвор. Обично судот само се повикува на одредена формална одредба, без притоа да наведе и добро да ги заснова фактички причини за лишувањето од слобода. Судиите многу често го продолжуваат периодот на притворот автоматски, дословно препишувајќи ги наводите од претходното решение, без да испитаат дали причините за притвор сеуште фактички постојат. На пример, образложението на решението за продолжување на мерката притвор за уште 30 дена против Миленковски Орце, Бајдевски Томе, Здравковски Драган и Стојановски Саша од 10.10.2003 год. од-збор-до-збор е препишано и дадено во новото решение од 07.11.2003 год. Со ова, фактички необразложено решение, судскиот совет отиде и дотаму, при што висината на пропишаната казна за кривичното дело за кое овие лица се осомничени, сама по себе, ја наведе како основ за продолжување на мерката притвор.Во изминатата година беа забележани повеќе случаи на долготраен притвор, а во одредени случаи дури и селективен притвор, насочен кон опозиционери или поранешни припадници на ОНА/АНА. Шуклева С., виден член на опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ, беше притворена 4 месеци без аргументација која што треба да ја оправда неопходноста на нејзиниот притвор. Поранешниот пратеник Амди Бајрам, беше задржан во притвор во период од 9 месеци (откако кривичниот совет ја укина одлуката на истражниот судија за ослободување од притвор), без разлика на тоа што беше понудена кауција да се брани од слобода, која што ја надминуваше сумата за штетата наведена во обвинението, против него. Османи Кренар беше 11 месеци во притвор, (на крај и по основ на првично изречената казна од 6 години, која подоцна беше укината) за најпосле обвинителството да се откаже од случајот, поради недостаток на докази.

Обвинетиот, и потенцијален сведок, Сафет Белули 12 месеци беше држен во притвор, по што постапката против него беше прекината поради недостаток на докази. Судот донесе ослободителна пресуда поради недостаток на докази во случајот на Вулнет Ќазими, ја измени првичната пресуда со која Ќазими беше огласен за виновен и казнет на условна казна затвор, казна со која судот сакаше да ги „покрие“ седумте месеци што Ќазими ги помина во притвор.

2. Судовите не одговорија на барањето за завршување на постапките во разумен рок.[36]

3. Еднаквоста на одбраната и обвинението и еднаквоста на орудијата што тие можат да ги користат во судската процедура, беа повредени во повеќе случаи.[37]

4. Повредено е правото на одбрана и бранител по сопствен избор,[38] како и правото на јавноста на судењето,[39] и судењето во отсуство, што се прави само во посебни околности и по исклучок.[40]

5. Меѓу почестите прекршувања на чл. 6 од Европската конвенција, е отсуството на

---

36 Долгото траење на постапките е поврзано со долгите периоди на неактивност на постапките, што се должат на: неажурност, нерегулирани побарувања на вештаците, неуредната достава и сл. Должината на постапките е поврзана и со подготовките направени во предистражната постапка. Имено, дел од обвиненијата се подигаат без доволно собран претходен материјал, што подразбира потреба од негово собирање во текот на траењето на самата постапка. На пример, Основниот суд Скопје 1 - Скопје се уште не решаваше по барањето за утврдување на законитоста за лишување од слобода на г. Беља заради молчење на Полицијата, уште од 9.07.2002 година. И кога од МВР конечно стигна одговор „...дека Криминалистичката полиција при МВР на РМ - Скопје нема извршено лишување од слобода на лицето Мухаедин Беља... ниту има преземено мерки и активности кон наведеното лице,“ Судот продолжи да го одолговлекува случајот и покрај тоа што г-нот Мухаедин Беља поседува известување испратено до Народниот правобранител, од страна на тогашниот Министер за одбрана - проф. д-р Владо Поповски, во кое е наведено дека лицето Мухаедин Беља, инаку капетан во АРМ, било приведено во Полициската станица Автокоманда. Исто така, Основниот суд Куманово сè уште нема донесено решение по барањето за испитување на законитоста на лишување од слобода на лицето Јованче Лазоровски, поднесено на 7.08.2003 год. И ургенцијата упатена до Претседателот на Основен суд Куманово (на 26.09.2003 год.) остана без одговор. Посебно еклатантен е примерот со постапката за правичен надомест во судскиот спор на Јадранка Ивановска од Скопје, што се води веќе 16 години и сеуште не е завршена, што само по себе, претставува основ за апликација до Европскиот суд за човекови права, во Стразбур.

37 Во повеќе случаи (на пр. случајот на Љубен Пауновски, на одбраната не ѝ беше дозволено да повика сопствени сведоци, наспроти големиот број сведоци повикани од страна на обвинителот. Нееднаквата поставеност на одбраната, во однос на обвинението (кога зад него стои Јавниот обвинител) се високите такси, наплатата за преглед на документацијата собрана во истражната постапка и подигањето на одделни документи. Правото на еднаквост на средствата, како и правото на презумпција на невиност беа повредени и во постапките против некогашните припадници на ОНА и АНА, каде што обвинителството, во отсуство на докази, се повикуваше на „ноторни факти.“ На пример, на судењето против обвинетите за тероризам во Куманово, Судот не само што не реагираше на завршните зборови на обвинителите, според кои „ноторен факт“ било тоа што обвинетите „Чакала“ и „Џејми Шеј“ се „осведочени терористи“ (и покрај укажувањата на одбраната дека постои повреда на правото на презумпција на невиност), туку и истите ги потврди, осудувајќи ги сите обвинети на по седум години затвор. Судовите ги прифаќаат речиси сите докази на обвинителството, без разлика дали истите се прибавени на нелегален начин или со кршење на човековите права и слободи.

38 Во случајот на Љубен Пауновски судијката го повреди правото на одбраната, одредувајќи бранител по службена должност (иако обвинетиот имаше сопствен бранител,) кој пак немаше доволно време за подготвување на одбраната со оглед на комплексноста на случајот. Од друга страна, праксата на доделување бранителите по службена должност рестриктивно се применува кај сиромашните лица. Дури и во акцијата за отворање на посебни канцеларии за давање бесплатни адвокатски услуги, организирана од страна на Адвокатската комора на Република Македонија, а финансиски поддржана од Американската влада, неверојатно тешко е да се дојде до адресите на овие канцеларии и имињата на ангажираните адвокати.

39 Во помалите места многу често се нарушува принципот на јавноста на судењето, што се оправдува со тоа дека просторот во судниците е мал. Судењата се изведуваат во толку мал простор што нема место ниту за најблиски членови на семејството на обвинетиот. За жал, сеуште не е искоренета практиката да се одржуваат судења и во канцелариите на судиите. Судовите се најчесто нетранспарентни во поглед на информациите за местото и времето на одржување на судењето.

40 Во кривичните постапки, многу често се користи судењето во отсуство (посебно за кривични дела тероризам и загрозување на безбедноста). Обвинетите се прогласуваат за недостапни (што за некои од случаите исто така не е точно, бидејќи дел од нив се наоѓаат и во самата судска сала, како дел од јавноста присутна на судењето).

компетентен и стручен преведувач во случаите кога една од странките (посебно обвинетиот) не го познава јазикот на кој се изведува судењето. Судот многу често поаѓа од претпоставката дека разбирањето на јазикот е доволно.[41]

Посебен аспект на судството погледнато низ призмата на човековите права и слободи е неговата контрола и законитоста на неговото работење. Врз основа на некои истапувања на претставниците на здружението на судиите, во врска со критиките упатени од страна на јавноста, се стекна впечаток дека независноста на судовите всушност се толкува како неодговорност, неотчетност, нетранспарентност и недопирливост на судиите.[42] Очигледно, треба уште многу да се работи на јакнењето на свеста за одговорноста на судиите, што е неопходен услов за обезбедување на правично судење.[43]

Во 2003 година, Јавното обвинителство исто така не успеа во својата работа да ги имплементира меѓународните стандарди за човековите права и слободи. Во повеќе случаи тоа се појави како непосреден прекршител на овие права или како пасивен набљудувач на вакви прекршувања, сторени од Министерството за внатрешни работи, државните органи и судовите. Јавното обвинителство не заседе активна улога во придвижувањето на постапки против припадниците на Министерството за внатрешни работи, во случаите на очигледно кршење на законот[44] и во случаите на индицирано пречекорување на

---

41 Ова се случува кога како обвинети се појавуваат припадници на албанската заедница кои го зборуваат македонскиот јазик, меѓутоа не толку добро за да ги разберат сите обвиненија и рамноправно да учествуваат во сите процедури).

42 Во овој контекст, симптоматично е соопштението на Врховниот суд (од 5.09.2003 год.) до средствата за јавно информирање, по повод бранот јавни критики упатени за работата и функционирањето на судството. „Кремот" на македонското судство (врховните судии, претседателите на апелационите судови и претседателите на основните судови) дошол до заклучок дека подеднакви „разнебитувачи" на судството се и оние кои нудат „концепт за решавање на тековни судски предмети" и оние кои „ја бомбардираат, со бомби, судската власт."

43 Избегнување на одговорноста со прогласување на судот за ненадлежен се случи кога Врховниот суд и Уставниот суд се прогласија за ненадлежни во случајот „социјални станови," оставајќи ги граѓаните без правна поука за тоа како да го остварат уставно загарантираното право на жалба, во однос на одлуката на Владата за поништување на огласите за „социјални станови." Избегнување на личната одговорност во однос на последиците од судските наредби, на пример, кога истражен судија од Основниот суд Штип издава наредба за претрес на дом во која не е наведено за кое кривично дело станува збор, ниту пак кои се предметите што се важни за кривичната постапка, а претресот се извршува на сосема друга адреса. Укажувањето, од наша страна, беше игнорирано од претседателот на Основниот суд, а од страна пак, истражниот судија арогантно коментираше дека тоа било „беспредметно," без притоа да понуди соодветни аргументи. Особено загрижува избегнувањето на одговорноста во однос на извршувањето на судските одлуки. Судиите како да заборавааат дека оваа задача му припаѓа на судијата, во случаите кога ниеден друг државен орган не презема мерки за извршувањето на неговата одлука. На пример, во Законот за управни спорови (чл. 75) јасно е предвидена обврската дека Врховниот суд мора да ги преземе сите дејствија неопходни за „воспоставување на законитата состојба." Меѓутоа, очигледно обесхрабрен од ваквата практика, Врховниот суд „дигна раце" од оваа обврска, па дури и во својот Деловник за работа, веќе не предвидува никаков механизам преку којшто би се грижел за реализацијата на сопствените решенија. На тој начин правото станува „голо" *или jus nudum* , се создаваат услови државата селективно да ги применува судските одлуки, односно наместо правото да владее - се создава правна анархија.

44 И покрај очигледните и укажани основи за покренување на кривични пријави (чл. 377 ст. 3 од КЗ - Неизвршување на судска одлука) против сите оние лица кои што продолжуваат да ги применуваат во практиката укинатите членови од Законот за внатрешни работи и Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство не презеде никакви дејствија. Јавното обвинителство не покажа поголем интерес, ниту за случајот „Раштански лозја" и улогата на претставниците на Министерството за внатрешни работи во егзекуцијата на

овластувањата (а во функција на заштитата на правата и слободите на граѓаните).[45]

Во воспоставените односи на соработка и разбирање меѓу Јавното обвинителство и судовите се провлекуваат значителен број обвинителни акти кои што не ги исполнуваат елементарните процедурални барања и никако не можат да се сметаат за доволни за поведување на судска постапка.[46]

Хелсиншкиот комитет смета дека во Република Македонија, во рамките на правосудниот систем, ниту во 2003 година не се обезбедија услови за соодветна заштита на човековите права и слободи. Во работата на судовите и натаму не се имплементираат минималните стандарди (гарантирани со Европската конвенција за човекови права). Судовите не се независни, тие не се непристрасни и не обезбедуваат фер и правична постапка под еднакви услови за секој граѓанин. Влијанието на извршната власт и натаму е доминира и со него се промовира партиско-политичкиот модус, за сметка на законско-правниот. На овој начин се девалвира еден од базичните темели на концептот на човековите права.

---

седумте пакистански државјани, ниту пак за случајот на Мухаедин Беља и индицираните пречекорувања во вршењето на службената должност на припадници на Министерството за внатрешни работи.

45 Во остварувањето на заштитната улога во однос на полицијата, Јавното обвинителство си дозволува и употреба на двојни стандарди (по цели осум месеци судење пред Основниот суд во Велес, каде лицето Спасе Димовски се јавува во својство на оштетен, обвинителството во завршните зборови се откажува од натамошното гонење на обвинетите полицајци, повикувајќи се токму на Законот за амнестија. Во случајов, амнестирани се четири припадници на полицијата кои што на 11.08.2001 год. на локалниот пат с. Раштани - с. Бузалково испукале, на невидено, 54 куршуми во тракторот во кој што се наоѓал оштетениот, кој само по игра на судбината, успеал да преживее (за што се собрани сите неопходни докази); наспроти упорното истрајување во постапката за Кренар Османи, каде што до крај не се применува Законот за Амнестија и покрај тоа што нема ниту еден валиден доказ против обвинетиот; На заменик основниот јавен обвинител од Велес му биле потребни речиси две години за да поднесе Предлог за преземање на определени истражни дејствија (30.07.2003), врз основа на кои, допрва треба да се одлучи дали ќе се поднесе обвинителен предлог за случајот кога на 9.08.2001 година била нападната куќата на Сабир Вејселов, во с. Раштани, при што бил погоден неговиот син Тафик Вејселов, кој починал на лице место. Претходно споменатите полицајци во случајот со Спасе Димовски, добиле задача да бидат вклучени во обезбедувањето на пунктот воспоставен по убиството на малолетниот Тафик.

46 Обвинителниот акт против Љубен Пауновски, на пример, има Диспозитив и Образложение кои што се практично од збор до збор идентични, што требало да биде констатирано од страна на Судот, веќе во испитувањето на Обвинителниот акт, и Судот да го одбие, заради недостаток на аргументи кои што ќе го објаснат Диспозитивот и недостаток на посочени докази, врз основа на кои што се дошло до заклучоците изнесени во Диспозитивот; слична е ситуацијата со обвинителниот акт во случајот против Селам Селами, каде што јасно се гледа дека Обвинителството, немајќи што да наведе во Образложението – освен што ги повторува заклучоците од Диспозитивот, ги беше навело и генералиите за Селами (каде е роден, негова адреса на живеење и сл.)

# 4. Внатрешно раселени лица и бегалци

Две години по завршувањето на конфликтот сè уште не е решен проблемот со внатрешно раселените лица. Моментално, на територијата на Република Македонија, има над 1.500 официјално регистрирани внатрешно раселени лица (сместени во колективни центри) и одреден неевидентиран број на раселени лица кои што се сместени кај роднини или самите си го решиле својот статус.

Активностите на Владата и Министерството за труд и социјална политика директно се насочени кон една и единствена опција, а тоа е присилната репатријација.[47]

Според реакциите на внатрешно раселените лица (ВРЛ), без разлика на нивното етничко потекло, претрпените трауми, заканите, губењето на работните места, неможноста да се обезбеди егзистенција поради уништените и ограбени домови и дуќани, немањето услови да се посетува настава во училиштата, нереконструирани куќи, (а тие пак што се реконструирани се чини не овозможуваат елементарни услови за живот, што е потврдено од набљудувачите на Хелсиншкиот комитет за човекови права, кои што беа во регионите од каде потекнуваат ВРЛ,) немањето никаква гаранција за животот, имотот и негова безбедност, се токму оние причини кои што наводите на Владата ги прават неосновани и причини зошто овие луѓе немаат намера да се вратат, дури и откако ќе се обноват нивните домови.

Во своите активности, на просторите каде што се одвиваше конфликтот во 2001 година, Владата, не само што не ги почитува националните закони,[48] туку не ги почитува ниту прифатените меѓународни стандарди[49] и се обидува, со преземање на рестриктивни мерки, преку укинување на социјалната помош на овие лица и преку лошите услови за живот во колективните центри, да ги „мотивира" да се вратат во своите домови.

47 Тоа се потврди со Заклучокот на Владата (17.02.2003) за репатријација на внатрешно раселените лица од Тетово и тетовските села, како и со известувањата на Министерството за труд и социјална политика од месец јуни 2003, со што „престануваат условите за користење на услугите во колективните центри" и во истовремено прекинување на помошта во храна. Сите овие активности се базирани на условот (по видување на Владата) дека повеќе не постојат причини кои што се основ овие лица да стекнат статус на внатрешно раселени лица. Наспроти ова, не се обезбедуваат минимални услови за враќање на луѓето во местото на нивното претходно живеење. Во целост не се реконструираат уништените куќи, не се гарантира безбедност во местото на живеење, не се реагира на насилства над повратниците, не се обезбедува материјална и финансиска помош за повратниците.

48 Според кои државата е одговорна да ги надомести сите штети предизвикани од нејзини дејствија - член 166 ст. 1, Закон за облигациони односи.

49 Не се почитува принципот на невраќање (нон-рефоулмент) и не се овозможува учеството на внатрешно раселените лица во донесувањето на одлуките кои што се однесуваат на репатријацијата, раселувањето и, воопшто, донесувањето на одлуки за нивниот живот и иднина, (Водечки начела за внатрешно раселување, т. 28. ст. 2).

Повторно во случајот со „заборавениот и занемарен“ дел од бегалците од Косово, кои што во Македонија дојдоа уште во 1999 година, за Владата најпосакувано решение е нивна репатријација. Годината што измина се карактеризираше со активности кои што наведуваат на тоа дека меѓународната заедница, а пред се Владата, ја избегнуваат одговорноста која што ја имаат во однос на бегалците, а која произлегува од меѓународните документи кои што државата ги ратификуваше, а се чини дека заборави дека тие претставуваат дел од националното законодавство.[50]

Владата и УНХЦР ги остави овие лица во ситуација да ја изберат единствената опција за да си ја решат судбината-или да поднесат барање за добивање азил или да се вратат на Косово.[51]

Овој ултиматум е во колизија со доброволност при аплицирањето за азил и доброволност за враќање/репатријација во земјата на потекло. Враќањето на Косово е потполно неприфатливо решение бидејќи ситуацијата во земјата на потекло за овие лица не е променета и безбедноста не може да им се гарантира. Првата опција - поднесување барања за азил е практично неостварлива, со оглед на кратката практика која Република Македонија ја има во поглед на решавањето случаи на ова поле, особено поради една законската одредба која е скептична по однос на барателите коишто очекуваат позитивното решавање на нивните барања за азил.[52] Друг аспект кој исто така не влева верба дека барателите на азил ќе наидат на позитивни решенија за азил е евидентно малиот број на постоечки позитивни решенија по барањата за добивање азил. На ова се надоврзува и неможноста да се разгледуваат и опциите на примарна одговорност на

50 Во Република Македонија престојуваат околу 2700 привремено хуманитарно згрижени лица (Роми, Ашкали и Египќани од Косово-Србија и Црна Гора) од кои, половината беа сместени во колективни центри, а најголемиот број во кампот во Шуто Оризари, а останатите пак, во приватно сместување. Судбината на овие лица се смени, во моментот кога, со еднострана одлука Владата, во соработка со УНХЦР, го затворија кампот, и покрај изразениот револт на претставниците на локалната самоуправа во Шуто Оризари и претставничкото тело на бегалците. Практично, овие лица, со ваквата владина акција илегално престојуваа во државата бидејќи повеќето од нив немаа адреса на живеење или престојување, што беше услов за продолжување на претходниот статус на привремено хуманитарно згрижени лица. Потоа, тие не можеа да се пререгистрираат. Нивниот револт беше изразен со самоорганизираното преселување на околу 700 Роми, Ашкали и Египќани на граничниот премин Меџитлија на македонско-грчката граница, на 19.05.2003 година. Сагата за подобар живот продолжи со барањата Република Македонија да ги пушти овие лица да побараат азил во некоја од западно европските држави, зошто таа по толку изминати години, не успеа да им обезбеди можности за достоинствен и нормален живот. Во потполно несоодветни услови за живот, без елементарна помош, бегалците, меѓу кои имаше и голем број жени, деца и постари луѓе, се обидуваа да го свртат вниманието на меѓународната јавност, во врска со нивната положба. Меѓународната јавност потполно се оглуши на хуманитарната криза, која траеше три месеци (сè до 9.08.2003 година). Бидејќи очигледното не постоеше интерес кај меѓународната заедница дали овие луѓе ќе преживеат или не, тие се согласија повторно да бидат сместени во колективниот центар Катланово, хотелот Југ-турист и во приватни куќи, а Хелсиншкиот комитет пак апелираше до Владата и до УНХЦР да им обезбедат пособоодветни услови за живот бидејќи напорите и ветувањата за подобрување на нивната ситуација не им беа остварени.

51 Според последните податоци, за азил аплицирале 2200 од бегалците во Република Македонија. Помал број веќе се согласиле доброволно да се вратат на територијата на Србија и Црна Гора.

52 Според новиот Закон за азил и привремена заштита, член 29/1-3, при проценување на барањето за азил доколку се утврди дека лицето може да побара заштита во друг дел на државата чиј државјанин е „прогонот е ограничен само на дел од територијата на државата чиј државјанин е барателот, или доколку е без државјанство, во делот каде имал вообичаено место на живеење, а кога постои можност за ефикасна заштита во друг дел на државата, освен, ако со оглед на сите околности не може да се очекува лицето таму да побара заштита“ неговото барање ќе биде одбиено.

властите на Србија и Црна Гора за раселување на своето население (во случајов Роми, Ашкали, Египќани - РАЕ) на територии кои не беа опфатени со кризата, непочитување на принципот на солидарност од страна на меѓународната заедница во случаите на масовни протерувања кои што се предвидени со Декларацијата за територијален азил на ООН од 1967 година, а и со одлуката на Европската унија од 2001 г. за лица под привремена заштита.

Хелсиншкиот комитет ја потсетува Владата дека внатрешно раселените лица и бегалците претставуваат посебна чувствителна група, чии права, по правило, се веќе прекршени или многу лесно можат да бидат повредени. Одговорноста на државата во заштитата на овие групи е посебно потенцирана во услови на големо временско продолжување на ситуацијата која довела до раселувањето. Одговорноста на државата е посебно голема во услови кога таа се појавува како основен причинител за раселувањето на луѓето. Ниту едно решение кое се однесува на внатрешно раселените лица не смее да биде направено без нивна соодветна и активна соработка и без примена на принципите на договарање и на доброволност. Секој акт на присила претставува акт на натамошно кршење на човековите права и слободи.

## 5. Слободата на изразувањето и медиуми

Општа оценка е дека и во 2003 година има тренд на подобрување на состојбата во медиумите во споредба со периодот на конфликтот од 2001 година кога, кај најголемиот број медиуми во Република Македонија, имаше драстичен пад на новинарските стандарди.

Во текот на 2003 година медиумите се обидуваа да станат активен чинител во одбраната на човековите права и слободи. Во низа емисии се поведуваа разговори за нарушувањата на правата и проблемите со нивната заштита, се обработуваат специфични случаи на битни повреди на човековите права, па дури се започнуваа и акции на „отворени линии" до редакциите, преку кои граѓаните можеа да известуваат за сопствените случаи и искуства. Јавноста, во голем број случаи, доби соодветни информации и таа беше мобилизирана во функција на вршење притисок врз државните органи со цел да преземат соодветни

чекори заради заштита на правата на граѓаните. Посебно позитивна улога во изминатата година, имаа медиумите во изнесувањето на податоци за нарушувањата на правото за здрава животна средина.[53] Доминантната наклонетост кон меѓуетничките односи се замени со многу поширок опфат на различни сфери од областа на човековите права (правата на децата, жените, сексуалните малцинства и сл.)

Забележително е дека сè поретко среќаваме говор на омраза, иако може да се забележи дека сè уште постои поделба по етничка линија, кога се известува за критични настани.[54] Граѓаните се изложени на еднострани информации, често непроверени и во функција на интересите на една политичка партија. Карактеристика (посебно на медиумите на албански јазик) е отсуството на каква било критика на претставниците на сопствената етничка заедница, во смисла на повреди на правата на припадниците на другите етнички заедници. Често, во овие медиуми (посебно во дневниот весник Факти) припадниците на сопствената етничка заедница, кои што пројавуваат дури и мала самокритичност или ги проблематизираат некои од прашањата, веднаш се етикетираат како „каури" (што е погрдно име за христијаните).

Еден од големите проблеми во изминатиот период е повредата на презумпцијата на невиност од страна на медиумите. Осомничените за кривични дела се обвинуваат и осудуваат пред или во текот на судските процедури, а во случаи кога се ослободуваат, јавноста не добива соодветни информации.[55]

Во 2003 година, двата највлијателни независни дневни весници (Дневник и Утрински весник) беа откупени од страна на германскиот концерн ВАЦ. Владата не реагираше на ова (иако можеше да се наметне прашањето дека с тоа се создава медумски монопол

---

53 Случајот со топилницата за олово во Велес; случајот на лизгање на земјиштето во населбата Рамина - Велес; излевањето на јаловината од злетовските рудници; нарушувањето на еколошката рамнотежа и на сигурноста на граѓаните, со несоодветната изградба во Скопје (во случајот Трнодол).

54 Ова беше истакнато кога медиумите известуваа за проблемите во средното образование, при што новинарите најчесто заземаа страна - се ставаа во улога на заштитници на македонската или албанската кауза. Исто така, на почетокот на годината, во недостиг на официјални резултати од пописот за етничката структура на населението, сите медиуми зедоа огромен замав со шпекулациите во врска со бројчаната застапеност на различните етнички заедници, што предизвика зголемена недоверба и меѓуетнички тензии. Одредени медиуми на македонски јазик продолжија со едностраното и пристрасно информирање за чувствителни теми како што се случајот Шемшево, проблемите на средношколците во Куманово, ученичкото насилство во Скопје или, продолжија со шпекулациите за масовното заболување на кумановските ученици, во текстот „Од каде доаѓа отровот?" итн. Исто толку шпекулации и едностраност беа присутни и во одредени медиуми на албански јазик, што се однесува до теми како што се протестите околу непочитувањето на Законот за амнестија, тековните судски процеси што се водат против етнички Албанци, а особено за расправата околу Законот за посебни права на безбедносните сили и нивните семејства. Очевиден пример за селективно информирање претставува весникот ФАКТИ кој што го објави соопштението на Хелсиншкиот комитет за случајот „Раштански лозја," но не го објави Соопштението за насилството, како преседан што не смее да се повтори. Но, случајот „командант Чакала" фрли нова светлина - за разлика од 2001 година, па овој пат и медиумите на македонски јазик и тие на албански заземаа единствен став - го осудија актот на киднапирање полицајци од страна на „командант Чакала."

55 Вестите поврзани со случајот на Селам Селами (обвинет за убиство на двајца полицајци), не беа проследени со соодветно известување за неговото ослободување.

од страна на ВАЦ). Од друга страна пак, нешто што треба да се поздрави, е тоа дека ВАЦ ја потпиша Повелбата на ОБСЕ за почитување на слободата на говорот. Прашањето на монополската поставеност и специфичната поддршка од страна на државата се покрена во однос на Македонската информативна агенција (МИА). Случајот се наоѓа пред Уставниот суд на Република Македонија. Партизацијата на сè што се наоѓа под влијание на извршната власт се рефлектираше и во промените направени во МРТВ, како државен медиум. Кадровските и организациските промени, во голема мера ја следа партиската директива и создаваат ситуација на недоверба меѓу граѓаните кон информациите добиени од оваа медиумска куќа, односно нејзиното претворање во медиум задолжен за партиска пропаганда.

Меѓутоа, посебна специфика којашто се истакна во текот на оваа година беше големиот број тужби поднесени против новинари.[56]

Пет случаи на судски постапки против новинари го привлекоа вниманието на Хелсиншкиот комитет:

1. Соња Крамарска, во ноември 2003 година, беше осудена во Основниот суд 1, во Скопје на парична казна од 20.000 денари, заради еден нејзин коментар (употреба на зборот „лаже“ за изјавата на пратеникот Стојан Андов). Образложувајќи ја пресудата, Судот наведува дека казната е изречена за новинарката да се превоспита.

2. Зоран Маркозанов - уредник во неделникот ЗУМ е казнет за истото дело клевета, на затворска казна од 3 месеци, или условно 2 години.

3. Боби Силјановски - новинар во Радио Битола и дописник на МРТВ и на неделникот СТАРТ, за клевета доби затворска казна од 5 месеци, или условно 1 година и парична казна од 21.000 денари.

4. Драган Антоновски, новинар на приватната ТВ А1, за клевета беше осуден со парична казна од 100.000 денари.

5. Менде Петковски - новинар на Радио Битола и дописник на ДНЕВНИК и ТВ СИТЕЛ, во моментов му се суди за клевета на судија на Апелациониот суд во Битола. Новинарот пренел вест, дека полицијата во Битола на еднаков начин го применува законот (сообраќајните прописи) во однос на сите, што јасно се гледа во случајот на судијата на Апелациониот суд, чие возило било отстрането од сообраќај бидејќи возело без регистерски таблички. Веста се однесува на настан кој е надвор од

56 Според сознанијата на Хелсиншкиот комитет во изминативе 3 години поднесени се 125 кривични тужби против новинари. Ова може да се толкува двозначно. Од една страна, може да значи дека продолжува трендот власта да настојува да ги дисциплинира новинарите, но од друга страна пак, го поставува прашањето за новинарската етика и навредите и клеветите, што се дел од новинарското известување.

службеното делување на судијата на Апелациониот суд и истата е пренесена во неколку медиуми. Тужба (од јавен обвинител) била поднесена само против овој новинар, во ненадлежен суд, чии судии биле предмет на критика во претходни написи на истиот новинар.[57]

За прашањето за кривичната одговорност на новинарите за делата клевета и навреда, неодамна се разви јавна дебата при што Здружението на новинарите обвини дека измените во Кривичниот законик се преостри и не соодветствуваат на препораките на Советот на Европа и посебно дека тие се предлагаат, без учество на новинарите. Всушност, со измените на Законот за кривична постапка, станува збор за задржување и допрецизирање на кривичната одговорност за делата клевета и навреда, а барањето на новинарите тие да имаат привилегиран статус во однос на другите граѓани, кога станува збор за ова кривично дело. Хелсиншкиот комитет ја поддржува идејата за отстранување на затворската казна за сите граѓани по основ на овие дела, но не и да се отфрли кривичната одговорност и паричната казна (која треба да биде драстично зголемена).

Посебен проблем во медиумското известување претставуваат „колумнистите." Тоа се вообичаено видни личности од академските или политички кругови кои во печатените медиуми имаат редовни написи. Во овие написи многу чести се јазикот на омразата и отворените навреди и вулгарности, насочени кон конкретни лица.[58]

Хелсиншкиот комитет со задоволство констатира огромен напредок во медиумите и медиумското известување во насока на промоција и заштита на правата на граѓаните. Натамошната обука, и сензибилизирање, а пред сè, зголемувањето на знаењата од областа на човековите права, можат уште повеќе да ја засилат улогата на медиумите во анимирањето и мобилизирањето на јавноста во насока на заштита на овие права.

Медиумите мораат да посветат сериозни напори во натамошното надминување на „етно-обоеноста" на сопствените информации и на ослободувањето од партиските влијанија при селекцијата и начинот на изнесување на информациите.

57 Во ноември 2003 година, Јавното обвинителство се повлече од водење на случајот и го препушти гонењето на приватен тужител.

58 Посебно драстични во ова се написите на професорите на правниот факултет Љубомир Фрчковски и Ѓорѓи Марјановиќ кои се појавуваат како редовни колумнисти во весникот «Дневник».

# 6. Меѓуетнички односи

Наспроти декларираните интегративни процеси, во текот на 2003 година видлива е отворена дезинтеграција на населението, врз етничка основа, на целата територија на Република Македонија. Прашањата на правата на малцинските заедници и воведувањето на демократска средина во која сите граѓани на Република Македонија ќе се чувствуваат еднакво и удобно, постепено се претворија во прашања поврзани со остварување на моќта на одредени партии, делење на привилегии и редефинирање на приоритетите на државата. Во овие процеси и активности, Република Македонија постепено го губи карактерот на мултиетничка, и фактички таа се претвора во биетничка држава.

Ексклузивитетот на етноидентификацијата, во секој сегмент на конституирањето на власта, во голема мера ги загрозува глобалните трансформациски процеси и го оневозможува зацврстувањето на граѓанската демократија. Овие процеси посебно негативно се одразуваат врз подигањето на значењето на индивидуата, што е основа на концептот за човековите права и слободи. Односите меѓу припадниците на различните етнички заедници не успеваат да го надминат нивото на односи на колективитетите и ја оневозможуваат флексибилноста, во сите други облици на здружувањето на интересите на граѓаните.

Паралелизмот на заедниците се издигнува на ниво на правило, а политичките партии на власт, не само што тоа не го дестимулираат, туку ја поддржуваат секоја активност насочена кон формирање на паралелни институции (дури до ниво на паралелизам на основните инфраструктурни објекти: амбуланти, автобуски станици, продавници, спортски игралишта), структури и простор за живеење, на припадниците на различните етнички заедници.

Во услови кога интеракцијата на етничките заедници се прави единствено на ниво на колективитети, бришењето на сè што е заедничко и поврзочно, намалувањето на можностите за непосредна комуникација и споделувањето на проблемите, многу очекувано доаѓа до повторно зголемување на тензиите меѓу припадниците на различните етнички заедници. Меѓусебното нетрпение се манифестира во секојдневното живеење на ниво на тивко негирање и непризнавање, но и во отворени демонстрации на омраза, и во негирање и повредување на базичните човекови права и слободи, во одредени конфликтни моменти. Тоа што судирите се одвиваат пред сè на релација меѓу мнозинската македонска етничка заедница и најголемата малцинска заедница, албанската, не ги

исклучува останатите етнички заедници, како од директната инволвираност, така и од трпењето на непосредните последици по сопствените права и интереси.

1. Етничкото чистење и етничкото разграничување е најопасниот процес кој што зеде замав во текот на 2003 година. Процесот започна на просторите каде што се одвиваше вооружениот конфликт во 2001 година и од кој се исели поголемиот дел од неалбанското население. Со оглед на тоа дека, ни во текот на 2003 година не беа остварени условите за враќање на раселените лица, ситуацијата добива размери на трајно решение.[59] Паралелно на ова се одвива и процес на внатрешна миграција на населението, во самите населени места, посебно градовите, со што се исцртуваат јасни етнички граници.

2. Процесот е понатаму потенциран со етничкото чистење во основното и во средното образование. Во текот на 2003 година значајно е намален бројот на училиштата во каде што наставата се изведува на повеќе јазици. Дури и тогаш кога под ист покрив се наоѓаат деца од различни етнички заедници, вообичаено е тие да учат во различни смени и да немаат никаков допир, било во училишните, било вон училишните активности.[60] Во изминатата година, голем број од меѓуетничките тензии беа поврзани токму со образованието, каде што актуелната власт се покажа како многу крута и несензибилна и се обиде со декрет да направи промени, а тоа пак, на овој или оној начин, влијаеше врз меѓуетничките односи.[61]

59 Овој процес е, во голема мера, поддржан и од месното население на албанската заедница, што се манифестира во оштетување на веќе реконструирани куќи, во сопственост на неалбанска популација, (на пр. во с. Матејче и во с. Арачиново) насилничко однесување и заплашување на припадниците на македонската заедница и оневозможување да се извршуваат селските работи, (во с. Љуботен) каменување и оштетување на верски објекти, (кај манастирот Св. Никола во с. Љуботен).

60 Еден од ретките примери на гимназија во која учениците од различни етнички заедници посетуваат настава, во исто време, е гостиварската гимназија Панче Поповски, иако и тука дезинтегративниот процес е веќе видлив зашто постојат три различни таблоа на матуранти, на учениците што наставата ја посетувале на македонски, албански или на турски јазик).

61 Во Куманово, по неуспешниот обид на Министерството за образование да го реши проблемот со средношколците од албанската заедница што не сакаа да се вратат во матичната зграда на Гимназијата Гоце Делчев, по принципот чекор-по-чекор, и по обидот за враќање на дел од средношколците во матичното Средно училиште Наце Буѓони, (откако беа спречени од група ученици и родители од неалбанските заедници) и по нивната реакција, (блокирање на влезот на Куманово и штрајк со глад на дел од родителите) Министерството за образование и наука се одлучи за „привремено решение додека не се смират страстите“ т.е. 800 ученици, етнички Албанци, да ја довршат учебната година во просториите на ЗИК КУМАНОВО, а останатите 910 пак, во Работничкиот дом. Министерството за образование донесе одлука за формирање на гимназиска паралелка на албански наставен јазик во Битола, што ќе биде сместена во ОУ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ. Одлуката е правно и образовно издржана, меѓутоа донесена е крајно нетранспарентно, без претходни консултации со управата на гимназијата, на основното училиште, на родителите и на учениците, и без соодветно образложение и аргументација пред јавноста, што даде повод за одржување етнички обоени протести на родителите и учениците од македонската заедница (но и од пошироката јавност во Битола), нарушувања на наставниот процес и повлекување на барањето за отворање на паралелка, односно повлекување на паралелката во „илегала.“ Овој проблем останува неразрешен истиот е затскриен, и како таков, претставува можен извор за идни конфликти. На почетокот на учебната 2003 година, Министерството за образование донесе и одлука за соединување на просторно дислоцираните паралелки на албански наставен јазик кон матичното Средно училиште Арсени Јовков во Скопје. Според добиените информации, и оваа одлука е донесена без претходна анализа на состојбата, без информирање и консултации со управата, наставниците, учениците и родителите во матичното училиште и во дислоцираните паралелки, како и без

3. Како посебно проблематично се појави изгласувањето на Законот за основање на трет универзитет во Република Македонија, во кој наставата ќе се изведува на албански јазик.[62] Во рамките на решавањето на овој проблем исто така е многу видливо дека не постојат алтернативи, поширока расправа, како и јасно дефинирање на намерите и процедурите.[63] Уставните амандмани даваат можност за формирање на Универзитет на албански јазик, меѓутоа се поставува прашањето зошто Предлогот на законот за формирање на овој универзитет е ставен во итна процедура, како и прашањето, како најдобро еден ваков проект може да се вклопи во декларираните интегративни процеси. Расправите во Собранието укажуваат на тоа дека без алтернативен предлог може да се загрози вистинското решавање на проблемите поврзани со ова прашање.

4. Употребата на јазиците се јави како значаен сегмент во остварувањето на правата на припадниците на етничките заедници, но и како извор на тензии и конфликти, во текот на целата 2003 година.[64] Остварувањето на ова право со примената исклучиво на принципот на процентуална застапеност, претставува уште еден удар на мултикултурноста на Република Македонија. Имено, целата расправа за употребата на јазиците се водеше во врска со употребата на македонскиот и на албанскиот јазик, додека пак другите јазици постепено потполно се повлекуваат од сферата на јавна употреба.[65] Од другата страна погледнато, ова прашање посебно загрижува

соодветно образложение за самата одлука, за последиците од одлуката и за решенијата кои што се нудат. Како резултат на нетранспарентноста, низа дезинформации и манипулации, се создаде атмосфера на недоверба што резултира во конфликт. Голем број од учениците отсуствуваа од настава и беа инволвирани во протести и манифестации, што во голема мера прикажуваа националистичка обоеност. Компромисната одлука, наместо 11, во матичното училиште да се сместат 7 паралелки на албански наставен јазик, овозможи враќање на учениците на настава, меѓутоа во никој случај не ги намали тензиите, кои што во блиско време се заканувaат повторно да ескалираат во отворен конфликт. Инволвираните не прифатија да земат во предвид други алтернативни решенија, како на пример, сместување на трите години на македонски и албански јазик во матичното училиште, а дислоцирање пак на сите паралелки од четврта година, во простор кој ги задоволува потребите за практична обука.

62 Со оглед на тоа дека со Законот всушност треба да се овозможи легализација на дел од факултетите кои што веќе постојат во рамките на нелегалниот универзитет во Мала Речица, проблемот добива специфично значење и излегува надвор од образовната сфера. Работите посебно се усложнуваат околу прашањето за признавањето на дипломите кои што се издадени на овие факултети, до моментот на нивно правно етаблирање во рамките на системот.

63 Ова, во никој случај не може да биде оправдување за масовните националистички обоени демонстрации на студентите од скопскиот и од битолскиот универзитет, поддржани од претседателот на Сенатот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј од Скопје и голем број професори и декани на факултетите од двата универзитета. Посебно загрижува податокот дека, како во собраниската расправа, така и во дадената поддршка на студентските протести, опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ зазеде отворен негативен став кон идејата за формирање на Универзитет на албански јазик.

64 По постигната согласност за употребата на јазиците (македонскиот и албанскиот) во собраниската расправа, се појави спор за тоа на кој јазик треба да се водат седниците на собраниските комисии, на кои што претседаваат припадници на албанската заедница. Спорот е разрешен по едномесечни расправи и нагодувања.

65 Ова е поврзано и со долгогодишното одбивање на Република Македонија да ја ратификува Повелбата за регионалните и малцински јазици. Во контекст на употребата на турскиот јазик, воочени се случаи на заобиколување на правото на основно образование на мајчин јазик. На пример, уште во 1993 година Министерството за образование одлучи 300 основци кои што посетувале настава на турски јазик да се префрлат од ОУ Јордан Константинов - Џинот во Долно Количани во ОУ Тефејуз во Гази Баба, оддалечено околу 20 км од нивните домови. Во јануари 2003 година,

поради појавата или барем интенцијата, вториот службен јазик да се употребува монојазично, при вршењето на јавни функции. Ова се надоврзува на очигледното несфаќање на значењето на двојазичноста, посебно во делувањето на локалната администрација и локалните власти, кое подразбира одлично познавање на јазиците кои што се во службена употреба во одредена општина.[66]

5. Од аспект на правата на другите етнички заедници, и понатаму посебно загрижува положбата на припадниците на ромската заедница. Во 2003 година, не е направено ништо во насока на подобрување на стандардот и условите на живеење на припадниците на оваа етничка заедница.[67] Гетоизацијата на ромските населби продолжува и овозможува тие да бидат дискриминирани во однос на давање комунални услуги, вршење инфраструктурни промени и изградба на објекти од значење за развојот на заедницата. Поради супстандардните услови на живеење, овие населби се често изложени на елементарните непогоди и претрпуваат големи материјални штети или претставуваат директна закана за животот и здравјето на своите жители. Во такви случаи, политичарите многу лесно даваат ветувања за помош, меѓутоа овие ветувања вообичаено не се исполнуваат.[68] Ромите се сè уште предмет на отворена расна дискриминација и маргинализација.[69]

6. Во 2003 година, во повеќе наврати се огласија припадниците на турската заедница, со отворени забелешки во однос на намалувањето на нивните права, односно акти на дискриминација. До Хелсиншкиот комитет беа проследени повеќе сознанија кои што упатуваат на тоа дека малиот процент на застапеност на етничките Турци во јавниот сектор, меѓу другото, се должи и на недостиг на кадри, што е резултат и

по барање на родителите, донесена е одлука 129 ученици од 1 до 4 одделение, да се вратат на настава во ОУ Јордан Константинов - Џинот. Родителите се надеваат дека ќе биде исполнето нивното барање за враќање и на другите основци од 5 до 8 одделение. Во исто време, се забележува тенденција на „заборавање" на македонскиот јазик токму од страна на претставници на турската заедница, што е посебно видливо во западна Македонија.

66 Имајќи ги предвид, како сложеноста на јазичкото прашање, така и редицата погрешни чекори во неговата примена, од осамостојувањето па сè до денес, Хелсиншкиот комитет ја поддржува иницијативата на Владата, водејќи сметка за сега важечкиот Закон за употребата на македонскиот јазик, да донесе посебен закон за употреба на јазиците. Но, тоа не треба да биде Закон за употреба на јазиците на националностите, ниту пак закон за етничките заедници, со оглед на тоа што употребата на некој јазик не е, ниту може да биде, единствен критериум за припадност кон одредена етничка заедница, и не смее да биде „изговор" за непознавање на македонскиот, како државен јазик. Оттука, неопходно е да се создадат, како законски, така и фактички услови за вистинска двојазичност, на сега јазички диференцираните заедници, но едновремено и да се поттикне социјалната инклузија на јазиците на сите други полиња.

67 Сè уште Ромите се на дното на образовните скалила, на дното на скалата на вработување, а на врвот се како приматели на социјална помош. Процентот на невработени Ромки е три пати поголем од вкупниот процент на невработени жени во Република Македонија.

68 Како во случајот со санацијата на последиците од лизгањето на земјиштето во населбата Рамина кај Велес.

69 Апелациониот суд Скопје, во случајот на Џ.Е. ја укина првостепената пресуда на Основниот суд во Крива Паланка, заради тоа што утврди дека „...[социјален случај невработено лице] ... е очигледно дека со неговите материјални примања, ниту пак преку неговите придонесе, можел да си допушти да купи, за свои потреби, 10 комплета постелнини, 13 маици, 20 марами, како и 4 спаваќи..."

на несоодветната застапеност на турскиот јазик во основното, средното и високото образование во Република Македонија.[70]

Хелсиншкиот комитет смета дека во 2003 година не е направен позитивен исчекор во подобрувањето на меѓуетничките односи. Етничкиот паралелизам го загрозува вистинското уживање и заштита на базичните и на човековите права, во нивната севкупност. Посебен атак е извршен врз мултикултурноста на македонското општество, што е основа на развој на граѓанската демократија. Видливо е натамошното маргинализирање и намалување на влијанието на неалбанските малцински заедници, и отсуството на интерес на државата да ги почитува поголем дел од одредбите на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, односно да ја ратификува Повелбата за регионалните и малцинските јазици.

## 7. Правото на слобода на уверувањето и религиозната определба

Генерален став на Хелсиншкиот комитет, во однос на остварувањето на слободата на уверување, е тоа дека Република Македонија треба да ги преземе сите мерки со цел остварување на потполна секуларизација на државата, а промените пак, кои што се однесуваат на верските заедници, да се прават во правно валидна форма.

Откако Уставниот суд ги поништи десетина членови од Законот за верските заедници и религиозни групи, направени се неколку обиди да се предложат верзии на нов закон, кои што завршија без успех. Во ниту еден од овие драфтови не беа вклучени претставници на

70 Здружението за просвета, култура и уметност АДЕКСАМ изнесе барање за отворање нови паралелки на турски јазик, во основните и средните училишта, согласно потребите и постојните закони и иницијатива за формирање на посебни групи со настава на турски јазик на „Штуловиот“ универзитет, имајќи ги во предвид податоците дека за тоа, не само што постои потреба, поради притисокот врз стотината студенти, етнички Турци, да следат настава на албански јазик, иако не го ни разбираат, туку и расположливи капацитети. Здружението за развој на медиумите на турски јазик упати повик до јавноста да реагира на поместувањето и кратењето на термините за емитување на програмата на турски јазик на Македонската телевизија. Тие укажуваат и на опасниот преседан кој што се случи на 13.12.2003 г. кога, по 35 години, програмата на турски јазик не емитуваше вести на турски јазик. Ова здружение предупредува дека во Македонија нема други електронски медиуми на турски јазик, а згасна и единствениот печатен весник на турски јазик БИРЛИК.

сите (25) религиозни заедници во Република Македонија.

Со уставните промени, направени врз основа на препораките содржани во Охридскиот рамковниот договор, чл. 19 од Уставот поименично спомнува пет верски заедници, а на другите им гарантира рамноправен статус.[71] Со овој компромис дефинитивно се покажува дека не постои елементарно сфаќање на значењето на слободата на уверувањето и се прави поимна збрка која ќе има далекусежни последици во голем дел законски и други решенија.[72]

Во Уставот е гарантирана одвоеноста на државата од религијата (црквата), меѓутоа во пракса, се дозволува и се стимулира посебното место на Македонската православна црква и во голем број случаи, се прекршува одвоеноста на црквата од државата.[73]

Помалите религиозни заедници се жалат дека се изложени на постојани притисоци и закани, и дека често им се оневозможува нормално одвивање на активностите.[74]

---

71 На овој начин во самиот Устав е задржан еден од битните елементи на дискриминација по основ на вероисповед и на уверување. Врз основа на ова понатаму се изведува заклучокот (кој неодамна и јасно беше искажан од страна на претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски), дека црквата е уставна категорија и од таму треба да произлезат сите останати законски решенија). На овој начин, во одделот за човековите права и слободи во Уставот на Република Македонија, наместо да стане збор за слободата на уверувањето, станува збор за воспоставување на привилегирана позиција на одделна религија, односно одделно уверување.

72 Во последно време, посебно е изразен прогонот на претставниците на Српската православна црква, на кои им се забранува влез на територијата на Република Македонија, а нивните следбеници пак, коишто се македонски државјани, се изложени на постојани притисоци, од типот на претреси на домовите, повикување на разговор од страна на полицијата, запленување на материјали на српски јазик и медиумско клеветење. Овие постапки се правдаат со спорот меѓу македонската и српската православна црква, спор во кој интензивно се вмешани и властите на двете држави. Според последните информации, во владина процедура е влезена промена на Законот за верските заедници и религиозни групи, со што и законски ќе се оневозможи делувањето на овие групи. Интересно е тоа дека, многу често во оценката на делувањето на другите верски заедници, се употребува терминологија карактеристична за претходниот период, како што се на пример изразите: непријателска дејност и непријателска пропаганда.

73 Во своите барања за посебна и повластена позиција, во однос на сите други различни религии и во однос на останатите верски заедници, Македонската православната црква (МПЦ) ги користи, пред сè, каналите на минатото, од типот на историското присуство во клучните развојни фази на културата на македонскиот народ, и се обидува да се поврзе со секој битен настан од историјата на народот и државата. Основна карта на која што игра Македонската православната црква, е идентитетот на Македонците, поставувајќи се во улога на неделив елемент на поранешното, сегашното и секое идно идентификување. МПЦ ги поставува проблемите на сопственото признавање и самостојност во директна врска со признавањето и постоењето на државата, како во минатото, така и сега, и бара, но и добива, директен ангажман на државните структури, во решавањето на сопствените проблеми. За оваа цел се искористуваат дури и формални моменти, како што се на пр. местото на одржување на одреден настан, во случајов, на пр. заседанието на АСНОМ, за да се воспостави лажна врска меѓу формалното воспоставување на државноста на Македонија во 1944 година и МПЦ. Конкретната поврзаност на МПЦ претставува и апсурд, но и навреда за делегатите на ова заседание, коишто, во најголема мера, го поддржувале ставот, не само за одделување на црквата од државата, туку и за потполно отстранување на секакви црковни обележја и активности, во јавниот живот. Тесната поврзаност на Македонската православна црква со државата, што се направи во мандатот на претходната Влада, продолжува и во оваа. Тоа се гледа во постојаното присуство на претставниците на МПЦ на одбележувањата и настаните од државен карактер, големото присуство во државните медиуми и кога државниот врв присуствува во меѓународните активности.

74 Најголеми проблеми се лоцираат во следново: регулирање на сопственичките односи (бектешката заедница не може да ги оствари сопственичките права над објектот Арабати Баба Теќе, кој е узурпиран од страна на Исламската заедница во РМ и е пренаменет за изградба на џамија); градењето на нови објекти (во урбанистичките планови не се предвидени доволно локации за изградба на верски објекти); недоволниот простор за практикување верски активности (според законот за верските активности, на сите верски заедници, освен на Православната црква и на Исламската заедница во РМ, им се ограничува просторот на заедницата што е специјално регистриран и предвиден за

Моменталната состојба во Република Македонија многу малку е прилагодена кон слободата на изразување на уверувањето и религиозната определба на луѓето. Во пракса, луѓето во Република Македонија, имаат многу мала слобода на избор на сопственото уверување. Притисоците се движат, од оние најфундаменталните, околу прашањето на идентитетот, до оние најсекојдневните, којшто се но не и помалку важни, а тие се вработувањето, политичка ориентација и образованието. На индивидуата ѝ се оневозможува да делува индивидуално, при што таа се турка кон нејзиното специфично „стадо," во кое единствено може да биде соодветно вреднувана и признаена.

Во постојниот контекст на односи, правото на слобода на вероисповедта се претвора во право на слобода на црквата, што само по себе е ограничување на можноста за избор, флексибилноста на сопствениот идентитет и претставува анахронизам од кој, најголем дел од земјите на развиената демократија веќе успеаја да се ослободат, (а ние допрва го прифаќаме).

тоа); отворени напади врз лица и објекти (во Струмица е оневозможено од страна на свештеници на Православната црква и нивните следбеници да постават камен темелник за изградба на Католичка црква; во Прилеп, на ист начин е оневозможена изградбата на зграда на Јеховините сведоци); пречки во вршење богослужби и предавања од страна на поканети гости од странство (според законот потребна е посебна дозвола за секое религиозно предавање или служба што ја врши странец); забрана на отворање на православни цркви што вршат богослужбата на друг јазик (влашки, српски, грчки).

# Заклучок

Состојбата со човековите права во Република Македонија во 2003 година битно не се промени во однос на претходниот период. Во одделни сфери (посебно социјалните, здравствените и правата од работен однос) видливи се и ретроградни поместувања. Државата не само што не успеа да изгради систем на институции и механизми коишто ќе овозможат промоција и заштита на правата на граѓаните, туку таа сè уште се јавува како најголем прекршител на овие права.

Карактеристично за 2003 година е комплетирањето на потполната партизација на државната структура, развој на етнодемократијата, за сметка на граѓанската демократија, и натамошна ерозија на правото, како основен гарант на заштитата на човекот.

Во изминатата година, не е остварена ниту една од декларираните заложби на новоизбраната структура на власт, а тоа се, подобрување на сигурносно-безбедносната ситуација во државата, подобрување на економската ситуација и подобрување на животниот стандард на населението, глобална демократизација, почитување на правото и развој на правната држава, развој на интегративните наспроти дезинтегративните процеси во Република Македонија, и достигање ниво на генералното почитување и заштита на човековите права и слободи, со кое државата ќе им се приближи на европските текови, што ќе овозможи нејзино забрзано приклучување во европските структури.

Скопје (15.01.2004 г.)

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА